| 482930 | Реконструкција на други објекти | 5.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| P10 | ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА | 2.000.000 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **2.000.000** | **2.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 2.000.000 |
| **464** | **Разни трансфери** | **2.000.000** | **2.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.000.000** |
| 464990 | Други трансфери | 2.000.000 | 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 |
| В10 | ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 116.336.000 | 0 | 45.201.000 | 87.590.000 | 403.000 | 0 | 133.194.000 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **57.862.000** | **0** | **0** | **80.580.000** | **0** | **0** | 80.580.000 |
| **401** | **Основни плати** | **41.806.000** | **0** | **0** | **59.025.000** | **0** | **0** | **59.025.000** |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 39.535.000 | 0 | 0 | 55.802.000 | 0 | 0 | 55.802.000 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 2.271.000 | 0 | 0 | 3.223.000 | 0 | 0 | 3.223.000 |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **16.056.000** | **0** | **0** | **21.555.000** | **0** | **0** | **21.555.000** |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 11.033.000 | 0 | 0 | 14.504.000 | 0 | 0 | 14.504.000 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 4.088.000 | 0 | 0 | 5.834.000 | 0 | 0 | 5.834.000 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 227.000 | 0 | 0 | 325.000 | 0 | 0 | 325.000 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 708.000 | 0 | 0 | 892.000 | 0 | 0 | 892.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **56.014.000** | **0** | **45.101.000** | **6.890.000** | **403.000** | **0** | 52.394.000 |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | **363.000** | **0** | **500.000** | **0** | **0** | **0** | **500.000** |
| 420110 | Патување во земјата - хранарина (дневница) | 100.000 | 0 | 137.000 | 0 | 0 | 0 | 137.000 |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 30.000 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 420210 | Патување во странство - хранарина (дневница) | 233.000 | 0 | 333.000 | 0 | 0 | 0 | 333.000 |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **13.153.000** | **0** | **4.351.000** | **6.890.000** | **0** | **0** | **11.241.000** |
| 421110 | Електрична енергија | 4.000.000 | 0 | 1.800.000 | 0 | 0 | 0 | 1.800.000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | 1.543.275.000 | 502.812.000 | 99.051.000 | 889.883.000 | 29.786.000 | 0 | 1.521.532.000 |
| 421120 | Водовод и канализација | 1.300.000 | 0 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| 421130 | Ѓубретарина | 424.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 6.669.000 | 0 | 680.000 | 6.890.000 | 0 | 0 | 7.570.000 |
| 421310 | Пошта | 50.000 | 0 | 121.000 | 0 | 0 | 0 | 121.000 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 250.000 | 0 | 350.000 | 0 | 0 | 0 | 350.000 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 300.000 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 160.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **30.118.000** | **0** | **32.500.000** | **0** | **403.000** | **0** | **32.903.000** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 300.000 | 0 | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 600.000 |
| 423120 | Списанија, весници и други изданија за користење од страна на враб | 80.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 423310 | Униформи | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423320 | Обувки | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423330 | Постелнина | 600.000 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 17.338.000 | 0 | 25.000.000 | 0 | 403.000 | 0 | 25.403.000 |
| 423710 | Средства за одржување на хигиена | 600.000 | 0 | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 800.000 |
| 423810 | Ситен инвентар | 6.700.000 | 0 | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 |
| 423830 | Резервни делови | 200.000 | 0 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| 423990 | Други материјали | 3.800.000 | 0 | 2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 2.500.000 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **7.150.000** | **0** | **4.550.000** | **0** | **0** | **0** | **4.550.000** |
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучува✒S резервни дел | 300.000 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 424210 | Одржување на згради | 2.000.000 | 0 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| 424220 | Услуги за обезбедување на објекти | 150.000 | 0 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| 424230 | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 150.000 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 424410 | Поправки и одржување на мебел | 300.000 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 424420 | Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 900.000 | 0 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |
| 424430 | Поправки и одржување на машини | 1.300.000 | 0 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 2.050.000 | 0 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| **425** | **Договорни услуги** | **4.450.000** | **0** | **2.200.000** | **0** | **0** | **0** | **2.200.000** |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 150.000 | 0 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | 50.000 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 425310 | Правни услуги | 200.000 | 0 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| 425420 | Примарна здравствена заштита | 350.000 | 0 | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 600.000 |
| 425980 | Надзор над одржување на изградбата | 200.000 | 0 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| 425990 | Други договорни услуги | 3.500.000 | 0 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | 1.543.275.000 | 502.812.000 | 99.051.000 | 889.883.000 | 29.786.000 | 0 | 1.521.532.000 |
| **426** | **Други тековни расходи** | **780.000** | **0** | **1.000.000** | **0** | **0** | **0** | **1.000.000** |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 100.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 426310 | Семинари и конференции | 80.000 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 426410 | Објавување на огласи | 300.000 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 300.000 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **300.000** | **0** | **100.000** | **120.000** | **0** | **0** | 220.000 |
| **464** | **Разни трансфери** | **300.000** | **0** | **100.000** | **120.000** | **0** | **0** | **220.000** |
| 464910 | Плаќање по судски решенија | 100.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 200.000 | 0 | 0 | 120.000 | 0 | 0 | 120.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **2.160.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | 0 |
| **482** | **Други градежни објекти** | **2.160.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 482810 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на капацитети во енергет | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482820 | Изградба на капацитети во енергетиката | 1.860.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В20 | ДОМОВИ ЗА СТАРИ | 37.892.000 | 0 | 25.270.000 | 16.167.000 | 0 | 0 | 41.437.000 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **16.500.000** | **0** | **7.100.000** | **10.700.000** | **0** | **0** | 17.800.000 |
| **401** | **Основни плати** | **11.770.000** | **0** | **5.100.000** | **7.600.000** | **0** | **0** | **12.700.000** |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 11.000.000 | 0 | 4.700.000 | 7.000.000 | 0 | 0 | 11.700.000 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 770.000 | 0 | 400.000 | 600.000 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **4.730.000** | **0** | **2.000.000** | **3.100.000** | **0** | **0** | **5.100.000** |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 3.150.000 | 0 | 1.350.000 | 2.000.000 | 0 | 0 | 3.350.000 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 1.250.000 | 0 | 500.000 | 900.000 | 0 | 0 | 1.400.000 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 110.000 | 0 | 50.000 | 60.000 | 0 | 0 | 110.000 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 220.000 | 0 | 100.000 | 140.000 | 0 | 0 | 240.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **21.342.000** | **0** | **18.070.000** | **5.467.000** | **0** | **0** | 23.537.000 |
| **420** | **Патни и дневни расходи** | **30.000** | **0** | **30.000** | **0** | **0** | **0** | **30.000** |
| 420110 | Патување во земјата - хранарина (дневница) | 15.000 | 0 | 15.000 | 0 | 0 | 0 | 15.000 |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 15.000 | 0 | 15.000 | 0 | 0 | 0 | 15.000 |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **8.512.000** | **0** | **5.270.000** | **5.467.000** | **0** | **0** | **10.737.000** |
| 421110 | Електрична енергија | 1.900.000 | 0 | 500.000 | 2.000.000 | 0 | 0 | 2.500.000 |
| 421120 | Водовод и канализација | 800.000 | 0 | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 800.000 |
| 421130 | Ѓубретарина | 270.000 | 0 | 480.000 | 0 | 0 | 0 | 480.000 |
| 421190 | Други комунални такси и услуги | 100.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм<br>Категорија<br>Ставка<br>Потставка — О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | **1.543.275.000** | **502.812.000** | **99.051.000** | **889.883.000** | **29.786.000** | **0** | **1.521.532.000** |
| 421240 Течни горива | 5.082.000 | 0 | 3.000.000 | 3.467.000 | 0 | 0 | 6.467.000 |
| 421310 Пошта | 20.000 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 421320 Телефон и телефакс | 60.000 | 0 | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 60.000 |
| 421390 Други трошоци за комуникација | 70.000 | 0 | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 70.000 |
| 421410 Горива и масла (моторни возила) | 160.000 | 0 | 160.000 | 0 | 0 | 0 | 160.000 |
| 421420 Регистрација на моторни возила | 30.000 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 421440 Транспорт на луѓе | 20.000 | 0 | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 40.000 |
| **423 Материјали и ситен инвентар** | **10.280.000** | **0** | **10.200.000** | **0** | **0** | **0** | **10.200.000** |
| 423110 Канцелариски материјали | 70.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 423120 Списанија, весници и други изданија за користење од страна на враб | 70.000 | 0 | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 70.000 |
| 423210 Материјали за АОП | 20.000 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| 423310 Униформи | 30.000 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 423320 Обувки | 30.000 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 423330 Постелнина | 30.000 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 423410 Прехранбени продукти и пијалаци | 7.780.000 | 0 | 7.500.000 | 0 | 0 | 0 | 7.500.000 |
| 423510 Лекови | 200.000 | 0 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| 423590 Други медицински материјали | 50.000 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 423710 Средства за одржување на хигиена | 1.500.000 | 0 | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 1.500.000 |
| 423720 Материјали за разни поправки | 100.000 | 0 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| 423810 Ситен инвентар | 50.000 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 423830 Резервни делови | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 423990 Други материјали | 250.000 | 0 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| **424 Поправки и тековно одржување** | **1.050.000** | **0** | **1.030.000** | **0** | **0** | **0** | **1.030.000** |
| 424110 Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучува•S резервни дел | 100.000 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 424210 Одржување на згради | 600.000 | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 424220 Услуги за обезбедување на објекти | 30.000 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 424230 Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 50.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 424390 Одржување на други градби | 50.000 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 424410 Поправки и одржување на мебел | 20.000 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| 424420 Поправки и одржување на софтверска и хардверска опрема | 60.000 | 0 | 90.000 | 0 | 0 | 0 | 90.000 |
| 424430 Поправки и одржување на машини | 20.000 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| 424440 Поправки и одржување на друга опрема | 100.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 424510 Одржување на зелени површини околу згради | 20.000 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| **425 Договорни услуги** | **1.200.000** | **0** | **1.270.000** | **0** | **0** | **0** | **1.270.000** |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | 1.543.275.000 | 502.812.000 | 99.051.000 | 889.883.000 | 29.786.000 | 0 | 1.521.532.000 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 50.000 | 0 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | 20.000 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| 425290 | Други финансиски услуги | 10.000 | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 10.000 |
| 425310 | Правни услуги | 50.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 425320 | Судски вештачења | 40.000 | 0 | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 40.000 |
| 425360 | Плаќање на судски такси | 10.000 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| 425430 | Специјалистичко - консултативна здравствена заштита | 30.000 | 0 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 425440 | Болнички услуги | 20.000 | 0 | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| 425490 | Други здравстевени услуги | 108.000 | 0 | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 60.000 |
| 425790 | Други образовни услуги | 2.000 | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 10.000 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 10.000 | 0 | 10.000 | 0 | 0 | 0 | 10.000 |
| 425970 | Консултантски услуги | 100.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 425980 | Надзор над одржување на изградбата | 50.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 425990 | Други договорни услуги | 700.000 | 0 | 700.000 | 0 | 0 | 0 | 700.000 |
| **426** | **Други тековни расходи** | **270.000** | **0** | **270.000** | **0** | **0** | **0** | **270.000** |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 40.000 | 0 | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 40.000 |
| 426310 | Семинари и конференции | 40.000 | 0 | 40.000 | 0 | 0 | 0 | 40.000 |
| 426410 | Објавување на огласи | 100.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 90.000 | 0 | 90.000 | 0 | 0 | 0 | 90.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **50.000** | **0** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | 100.000 |
| **464** | **Разни трансфери** | **50.000** | **0** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | **100.000** |
| 464910 | Плаќање по судски решенија | 50.000 | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| ВА0 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 0 | 2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.500.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **2.500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 2.500.000 |
| **481** | **Градежни објекти** | **0** | **2.500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.500.000** |
| 481220 | Набавка или нова изградба на деловни објекти | 0 | 2.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.500.000 |
| ВАА | ИЗГРАДБА НА ГРАДИНКА ВО НАСЕЛБА ТОЧИЛА | 44.423.000 | 44.423.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 44.423.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **44.423.000** | **44.423.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 44.423.000 |
| **481** | **Градежни објекти** | **44.423.000** | **44.423.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **44.423.000** |
| 481220 | Набавка или нова изградба на деловни објекти | 44.423.000 | 44.423.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 44.423.000 |
| ВБ0 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА | 120.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| | | **1.543.275.000** | **502.812.000** | **99.051.000** | **889.883.000** | **29.786.000** | **0** | **1.521.532.000** |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **120.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | 0 |
| **480** | **Купување на опрема и машини** | **50.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **481** | **Градежни објекти** | **70.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 481210 | Подготвување проекти на деловни објекти | 70.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Њ00 | ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА | 30.063.000 | 10.083.000 | 0 | 22.000.000 | 0 | 0 | 32.083.000 |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **24.663.000** | **4.083.000** | **0** | **22.000.000** | **0** | **0** | 26.083.000 |
| **401** | **Основни плати** | **16.669.000** | **2.328.000** | **0** | **15.294.000** | **0** | **0** | **17.622.000** |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 15.288.000 | 2.100.000 | 0 | 14.013.000 | 0 | 0 | 16.113.000 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 1.381.000 | 228.000 | 0 | 1.281.000 | 0 | 0 | 1.509.000 |
| **402** | **Придонеси за социјално осигурување** | **7.331.000** | **1.075.000** | **0** | **6.706.000** | **0** | **0** | **7.781.000** |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 5.311.000 | 800.000 | 0 | 4.862.000 | 0 | 0 | 5.662.000 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 1.637.000 | 203.000 | 0 | 1.494.000 | 0 | 0 | 1.697.000 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 115.000 | 29.000 | 0 | 105.000 | 0 | 0 | 134.000 |
| 402310 | Основни продонеси до Агенцијата за вработување | 268.000 | 43.000 | 0 | 245.000 | 0 | 0 | 288.000 |
| **404** | **Надоместоци** | **663.000** | **680.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **680.000** |
| 404110 | Надомест за годишен одмор | 663.000 | 680.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 680.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **5.400.000** | **6.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 6.000.000 |
| **421** | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | **2.150.000** | **2.750.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.750.000** |
| 421110 | Електрична енергија | 600.000 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| 421120 | Водовод и канализација | 400.000 | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 |
| 421130 | Ѓубретарина | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 800.000 | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| **423** | **Материјали и ситен инвентар** | **1.350.000** | **1.350.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.350.000** |
| 423310 | Униформи | 550.000 | 550.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 550.000 |
| 423320 | Обувки | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |
| 423910 | Други материјали за специјална намена | 350.000 | 350.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 350.000 |
| 423990 | Други материјали | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **1.700.000** | **1.700.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.700.000** |
| 424190 | Поправки на други возила | 1.200.000 | 1.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.200.000 |
| 424440 | Поправки и одржување на друга опрема | 500.000 | 500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 500.000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **1.543.275.000** | **502.812.000** | **99.051.000** | **889.883.000** | **29.786.000** | **0** | **1.521.532.000** |

| Потпрограм<br>Категорија<br>Ставка<br>Потставка | О П И С | Предходен буџет | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | Вкупни расходи |
| **425** | **Договорни услуги** | **150.000** | **150.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **150.000** |
| 425190 | Изнајмување на друга опрема и опрема за специјални намени | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | 50.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| **426** | **Други тековни расходи** | **50.000** | **50.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **50.000** |
| 426990 | Други оперативни расходи | 50.000 | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| X10 | РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 0 | 600.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 600.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **0** | **300.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 300.000 |
| **463** | **Трансфери до невладини организации** | **0** | **200.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **200.000** |
| 463110 | Трансфери до здруженија на граѓани и фондации | 0 | 200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200.000 |
| **464** | **Разни трансфери** | **0** | **100.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **100.000** |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **0** | **300.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | 300.000 |
| **471** | **Социјални надоместоци** | **0** | **300.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **300.000** |
| 471160 | Еднократна парична помош и помош во натура | 0 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 |

| ЈДА | Рехабилитација на улици на територија на Општина Прилеп |
|---|---|
| ЦЕЛ | Рехабилитација на улици на територија на Општина Прилеп, се однесува на оној дел од патната мрежа, кој е во лоша и руинирана состојба, а со рехабилитацијата ќе се овозможи сигурно и безбедно одвивање на сообраќајот. |

| Категорија | | Извор на финансирање | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 40.000.000 | 40.000.000 | 40.000.000 |
| | | BUXET | 40.000.000 | 40.000.000 | 40.000.000 |
| | | SAMOFINANSIRA^KI | 0 | 0 | 0 |
| | | DONACII | 0 | 0 | 0 |
| | | ZAEMI | 0 | 0 | 0 |
| | | VKUPNO | 40.000.000 | 40.000.000 | 40.000.000 |

| ЈГА | Изградба на главен доводен цевковод во село Канатларци |
|---|---|
| ЦЕЛ | Изградба на главен доводен цевковод и изградба на пумпни станици на бунари за водоснабдување во село Канатларци. Постојаниот развој на селото, зголемувањето на бројотна жителите, подобрувањето на животниот стандард ја наметна потребата од обезбедување на дополнителни количини на вода за пиење. од тие причини во текот на 2020 година беше изработен експлоатационен бунар, кој со овој проект треба да се стави во функција. |

| Категорија | | Извор на финансирање | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|
| 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 18.423.000 | 0 | 0 |
| | | БУЏЕТ | 18.423.000 | 0 | 0 |
| | | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | | ВКУПНО | 18.423.000 | 0 | 0 |

| JHA | Поставување на паркиралиште како модуларна еднократна конструкција |
|---|---|

Привремените паркиралишта се дел од урбана опрема, од јавен интерес и претставуваат модуларни еднократни конструкции со кои може да се удвои паркинг просторот на отворените паркинзи кои се лоцирани на слободни простори во урбана средина.Планираната модуларна еднократна конструкција ќе биде поставена на локација во централното градско подрачје, на КП 13944, КП 13945, КП 13946 и КП 13940/1-дел, КО Општина Прилеп во Општина Прилеп, со пристап од едната страна на ул. Илка Присаѓанка и на ул Републиканска (постоечки паркинг простор позади зградата на УЈП).

| Категорија финансирање | Извор на | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 19.740.000 | 0 | 0 |
| | БУЏЕТ | 19.740.000 | 0 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 19.740.000 | 0 | 0 |

| ВАА | Изградба на детска градинка во населба Точила |
|---|---|

ЦЕЛ

Зголемување на опфатот на деца од предучилишна возраст од населба Точила и дел од соседните населби. Имајќи го во предвид фактот што ЈОУ Детски градинки Наша Иднина, е во перманентен дефицит со сместувачки капацитети за прифајќање на сите деца од предучилишна возраст, а со цел долгорочно задоволување на потребите, како логично долгорочно решение се наметна потребата за изградба на нова детска градинка во населба Точила. Изборот на локацијата во населба Точила е од повеќе причини:

-најголема населба во градот;

-градежно земјиште во сопственост на државата и користење на постојната инфраструктура.

| Kategorija | Izvor na finansirawe | 2023 | 2024 | 2025 |
|---|---|---|---|---|
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | | 44.423.000 | 0 | 0 |
| | БУЏЕТ | 44.423.000 | 0 | 0 |
| | САМОФИНАНСИРАЧКИ | 0 | 0 | 0 |
| | ДОНАЦИИ | 0 | 0 | 0 |
| | ЗАЕМИ | 0 | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 44.423.000 | 0 | 0 |

Член 4

Буџетот на Општината за 2023 година, влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општината Прилеп,
а ќе се применува од 1 јануари 2023 година.

Бр.09-4615/2
29.12.2022година

Претседател
на Совет на Општина

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003, 4/2005, 11/2008, 9/2019 и 5/2021) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2023 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-4617/2
29.12.2022 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Борче Јовчески

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М." бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М." бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 77/21 I 173/22), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија" број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18) и член 26, точка 4 од Статутот на Општина Прилеп („Службен гласник на Општина Прилеп" бр6/2003 и 4/2005 година),

Советот на Општина Прилеп на 20 седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на**
**Општина Прилеп за 2023 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Прилеп за 2023 година, се извршува според одредбите на оваа Одлука (во понатамошниот текст-Буџетот).

**Член 2**

Буџетот на Општината се состои од:

- Основен буџет;
- Буџет на самофинансирачки активности,
- Буџет на дотации
- Буџет на донации и
- Буџет на заеми

**Член 3**

Корисниците на средствата на буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела, а утврдените средства во буџетот да ги користат наменски, рационално и економично .

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината Градоначалникот оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и

другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со Буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20 % со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци на ниво на ставка во рамките на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во Буџетот на самофинансирачки активности, Буџетот на донации или Буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, односно бруто платите се утврдуваат за:

- Вредноста на коефициентот за исплата на плата на Градоначалникот се утврдува на ниво од 3,40.Појдовна основа за 1 (единица) коефициент изнесува 26.755,00 денари;

- Вредноста на бодот на административните службеници се утврдува со посебна Одлука донесена од Советот на Општината;

-Пресметката и исплатата на платите на вработените во Општинската администрација, вработени според Законот за работни односи се врши според утврдените бодови од колективниот договор потпишан со работодавачот.Вредноста на бодот е идентична со вредноста на бодот на административните службеници вработени во Општинската администрација

-Пресметката и исплатата на платите на вработените во ТППЕ-Прилеп ќе се врши по коефициент.Вредноста на коефициентот за исплата на плати на вработените во ТППЕ-Прилеп се утврдува во висина од 8.932,00 денари.

-Пресметка и исплата на 13 плата по Колективен договор.

**Член 10**

Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2023 година, ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства.

**Член 11**

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации ќе се спроведува на следниов начин:

-средствата ќе се планираат на сметка – дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката – дотации на локалните јавни установи (903);

-локалните јавни установи финансирани со дотации од буџет на дотации, се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе ги приложат обрасците (копија од рекапитулација за пресметани нето и бруто плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плата) за месецот за кој се однесува платата;

-во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот Буџет се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М –1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот Буџет ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ќе се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци го доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

**Член 12**

Месечниот надоместок за присуство на седници на членовите на Советот изнесува 70% од просечната месечна плата во Републиката исплатена за претходната година.

На претседателот на советот, за раководење и организирање на работата на Советот му се определува надоместок, зголемен за 30% од утврдениот надоместок од став 1 на овој член.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на совет.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 13**

-На вработените во општинската администрација им се признава право на патни и дневни трошоци во случаите, кога се упатени на пат врз основа на уредни и веродостојни документи.Висината на дневницата за службено патување во земјата се исплатува во износ од 700 денари за поминати 12-24 часа, односно цела дневница и 350 денари за поминати 08-12 часа, односно половина дневница.

-Исплатата на надоместокот за годишен одмор ќе се врши од Потпрограма Е00-Општинска администрација од конто 404110- Надомест за годишен одмор, на основа донесено решение од Градоначалникот.Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 9.000,00 денари нето, под услов вработениот да работел најмалку 6 (шест) месеци во календарската година.

**Член 14**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во правниот субјект каде што е вработен.

**Член 15**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се реализираат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди и фискална сметка во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 16**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

За користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари, одлучува Градоначалникот.

**Член 17**

Исплатата на надоместоците за отпремнини за пензионирање на вработените во општината и локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 464940-Трансфери при пензионирање во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата.

Во случај на смрт на вработен во општината и локалните јавни установи на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000 денари, во случај на смрт на член на потесно семејство на вработениот му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари, а исплатата ќе се врши од Програма – Градоначалник – Д0 расходно конто 413110-Тековни резерви (разновидни расходи) .

Исплатата на надоместоците од претходните ставови на овој член ќе се врши врз основа на претходно оформена и комплетна документација и донесено решение од страна на Градоначалникот.

**Член 18**

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми:

**Програма** А0- Совет на Општина

Потпрограма А00- Совет на Општина

**Програма** Д0- Градоначалник

Потпрограма Д00- Градоначалник

**Програма** Е0- Општинска администрација

Потпрограма Е00- Општинска администрација

**Програма** ЕА- Капитални трошоци на Општина

Потпрограма ЕА0- Капитални трошоци на Општина

**Програма** Ф1- Урбанистичко планирање

Потпрограма Ф10- Урбанистичко планирање

**Програма** Г1- Локален економски развој

Потпрограма Г10- Локален економски развој

**Програма** ГД- Проекти за енергетска ефикасност

Потпрограма ГД0- Проекти за енергетска ефикасност

**Програма** Ј0- Одржување на урбана опрема

Потпрограма Ј00- Одржување на урбана опрема

**Програма** Ј3- Јавно осветлување

Потпрограма Ј30- Јавно осветлување

**Програма** Ј4- Јавна чистота

Потпрограма Ј40- Јавна чистота

**Програма** Ј5- Јавен локален превоз на патници

Потпрограма Ј50- Јавен локален превоз на патници

**Програма** Ј6- Одржување и заштита на локални патишта и улиции регулирање на режим на сообраќај

Потпрограма Ј60- Одржување и заштита на локални патишта и улиции регулирање на режим на сообраќај

**Програма** Ј7- Одржување и користење на паркови и зеленило

Потпрограма Ј70- Одржување и користење на паркови и зеленило

**Програма** Ј8- Други комунални услуги

Потпрограма Ј80- Други комунални услуги

**Програма** ЈА- Изградба на јавно осветлување

Потпрограма ЈА0- Изградба на јавно осветлување

**Програма** ЈД- Изградба и реконструкција на локални патишта и улици

Потпрограма ЈД0- Изградба и реконструкција на локални патишта и улици

Потпрограма ЈДА- Рехабилитација на улици на територија на Општина Прилеп

**Програма** ЈГ- Изградба на системи за водоснабдување

Потпрограма ЈГ0- Изградба на системи за водоснабдување

Потпрограма ЈГА- Изградба на главен доводен цевковод во село Канатларци

**Програма** ЈК- Јавна чистота (Капитални расходи)

Потпрограма ЈК0- Јавна чистота (Капитални расходи

**Програма** ЈН- (Капитални расходи за урбана опрема

Потпрограма ЈНА- Поставување на паркиралиште како модуларна конструкција

**Програма** ЈП- Јавен превоз (Капитални расходи)

Потпрограма ЈП0- Јавен превоз (Капитални расходи)

**Програма** К1- Библиотекарство

Потпрограма К10- Библиотекарство

**Програма** К4- Културни манифестации и творештво

Потпрограма К40- Културни манифестации и творештво

**Програма** Л0- Спорт и рекреација

Потпрограма Л00- Спорт и рекреација

**Програма** ЛА- Спорт и рекреација (Капитални расходи)

Потпрограма ЛА0- Спорт и рекреација (Капитални расходи)

**Програма** Н1- Основно образование

Потпрограма Н10- Основно образование

**Програма** Н2- Средно образование

Потпрограма Н20- Средно образование

Програма Р1- Заштита на животна средина и природа

Потпрограма Р10- Заштита на животна средина и природа

**Програма** В1- Детски градинки

Потпрограма В10- Детски градинки

**Програма** В2- Домови за стари

Потпрограма В20- Домови за стари

**Програма** ВА- Капитални расходи за детски градинки

Потпрограма ВА0- Капитални расходи за детски градинки

Потпрограма ВАА- Изградба на детска градинка во населба Точила

**Програма** Ѓ0- Противпожарна заштита

Потпрограма Ѓ00- Противпожарна заштита

ги извршува Градоначалникот на општината.

**Член 19**

Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во буџетот на Општината.

Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии, врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи со соодветна пропратна документација.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**
**кон Одлуката за извршување на**
**Буџетот на Општина Прилеп за 2023 година**

Со Одлуката за извршување на Буџетот на општина Прилеп за 2023 година, се прецизира начинот на извршување на средствата утврдени во Буџетот и начинот на пренамена во рамките на одобрените Буџети на буџетските корисници.

Со оваа одлука за извршување на буџетот се даваат јасни насоки и правила на постапување на сите засегнати страни/буџетски корисници на средства од Буџетот на општината Прилеп, со упатување на доследно почитување на буџетските начела и користење на средствата на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин.

Исто така со наведената одлука е регулирана висината на поодделните надоместоци на вработените во општинската администрација и администрацијата вработена во правните субјекти корисници на средства од буџетот на општината.

Утврден е и начинот на постапување на користење на средствата од резервите и доделување на одредени помошти по основ на боледување подолго од шест месеца, во случај на смрт на вработен или член на негово потесно семејство итн.

Средствата утврдени во буџетот и распоредени во поодделни програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на Општината, а Буџетот на Општина Прилеп се извршува од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

**Член 20**

Се овластува одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто платата.

**Член 21**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 22**

Буџетот на Општина Прилеп се извршува од 01.01.2023 до 31.12.2023 година.

**Член 23**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп", а ќе се применува од 01 јануари 2023 година.

Број 09-4615/3
29-.12.2022 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Дејан Проданоски
____________________ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003, 4/2005, 11/2008, 9/2019 и 5/2021) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ, ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Одлуката за утвдување на вредност на бодот за платите на административни службеници, за 2023 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-4617/3
29.12.2022 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Борче Јовчески

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), Советот на општина Прилеп, на 20 седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на вредност на бодот за платите
на административните службеници за 2023 година

Член 1

Вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2023 година изнесува 81,60 денари.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Прилеп", а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2023 година.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ
Дејан Проданоски

Број 09-4615/4
29.12.2022 година
**Прилеп**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003, 4/2005, 11/2008, 9/2019 и 5/2021) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА БЛАГАЈНИЧКИОТ МАКСИМУМ**

1. Одлуката за определување на висината на благајничкиот максимум, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-4617/4
29.12.2022 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Борче Јовчески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ( „Сл.весник на РМ" бр.5/2002г ) член 46 од Статутот на Оптина Прилеп( Службен гласник на Општина Прилеп бр. 06/2003година и 04/2005 година ) и член 7а од Законот платен промет( „ Службен весник на РМ" 32/1, 50/01, 52/01, 37/02, 41/02, 61/02, 42/03 и 13/06) .Советот на Општина Прилеп, на 20 седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе:

# ОДЛУКА
## за определување на висината на благајничкиот максимум

Член 1

Со оваа одлука се определува висината на благајничкиот максимум што може да се подигни и држи во готови пари .

Член 2

Висината на благајничкиот максимум на готови пари кој може да се држи во благајната изнесува 100.000,00 денари

Висината на благајничкиот максимум на готови пари-девизни средства кој може да се држи во касата изнесува до

-1.000 евра од програма АО- Совет на Општина

-1.000 евра од програма ЕО- Општинска администрација

-1.000 евра од програма ДО- Градоначалник

Висината на бонови за гориво која може да се држи во благајна изнесува 60.000 денари.

Член 3

Средствата од благајничкиот максимум може да се користат за плаќање на производи и услуги кои поединечно не може да бидат повеќе од 6.000 денари.

Член 4

Условите и начинот на наплата, како и располагањето и плаќањето со пари, ќе се врши согласно Упатството донесено од страна на Министерот за финансии.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп„.

Бр.09-4615/5
29.12.2022 година
Прилеп

Председател
на Советот на Општина Прилеп
Дејан Проданоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003, 4/2005, 11/2008, 9/2019 и 5/2021) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ КОМУНАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ОСНОВАНИ ОД ЕЛС ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Програмата за субвенционирање на Јавните Комунални Претпријатија основани од ЕЛС Општина Прилеп за 2023 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-4617/5
29.12.2022 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Борче Јовчески

**Предлагач:Градоначалник на ЕЛС Прилеп**

**Борче Јовчески**

**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања при ЕЛС Прилеп**

# П Р О Г Р А М А
# ЗА
# СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ КОМУНАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА
# ЗА 2023 ГОДИНА

**Прилеп, декември 2022 година**


Општина Прилеп
ул:„Прилепски бранители" 66, 7500 Прилеп
телефон: (0) 48 401- 701 • факс: (0) 48 426-430
e-mail: prilep@prilep.gov.mk • web www.prilep.gov.mk

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА**
**СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ КОМУНАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**
**ОСНОВАНИ ОД ЕЛС ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2023 ГОДИНА**

Во буџетот на ЕЛС Општина Прилеп за 2023 година предвидени се средства во вкупен износ од 41.206.206.000,00 денари за субвенционирање на Годишните оперативни планови и Годишните инвестициони програми на ЈКП планови на следните Јавни комунални претпријатија;

- ЈКП ''Комуналец''
- ЈКП Пазари
- ЈПЕД Енерго Прилепи
- ЈП за ПУП.

Во Програмата за субвенционирање на Јавните Комунални Претпријатија основани од Општината подетално се дефинираат висината,условите,начинот на влечење на одобрените средства и потребната документација за меѓусебна кореспонденција.

За субвенционирање на Годишните инвестициони програми на ЈКП, основани од Општината во Биџетот за 2023 година, планирани се 8.806.000,00 денари.
Средствата наменети за финансиска подршка на инвестиционите програми на ЈКП планирани се во следните Потпрограми:

-Потпрограма ЈП0-Јавен превоз (Капитални расходи) во износ од 7.567.000,00 денари.

- Потпрограма ЈК0- Јавна чистота (Капитални расходи) во износ од 1.239.000,00 денари.

За користење на планираните субвенции во Програмата за субвенционирање на Јавните Комунални Претпријатија основани од Општината, потребно е покрај Барањето за исплата да се достави потребна документација од која ќе се констатира обемот на извршените активности од Годишниот оперативен план (копии од фактури, ситуации , требовања, приемници и друго).

## I. Субвенционирање на Годишниот Оперативен План на ЈКП Комуналец

За субвенционирање на Годишниот оперативен план за 2023 година на ЈКП Комуналец се планираат 17.400.000,00 денари, кои средства се алоцирани во Програмата Ј70- Одржување и користење на паркови и зеленило.
Предмет на субвенционирање ќе бидат следните активности:

- Метење на ЈПП
- Миење ЈПП
- Набавка на контењери од 1,1м3
- Набавка на контењери од 5м3
- Набавка на корпи за отпадоци(висечки и стоечки) од 3литри.
- Набавка на корпи за отпадоци од 120литри.


**Општина Прилеп**
ул:„Прилепски бранители" бб, 7500 Прилеп
телефон: (0) 48 401- 701 • факс: (0) 48 426-430
e-mail: prilep@prilep.gov.mk • web www.prilep.gov.mk

- Набавка на садови за пластика
- Набавка на садови за хартија

Шинтерска служба

-Прифајќање и третирање на кучиња

Диви депонии(градежен шут)

- Чистење на диви депонии од градежен шут и негово транспортирање до депонија во Алинци.

Одржување на парковски површини.

Исплатите на средствата за субвенционирање на ЈКП Комуналец ќе се врши по доставена соодветна документација и проверка,контрола и одобрување од соодветните раководни лица од Секторот за урбанизам и заштита на човекова средина и Секторот Инспекторат.

- Имајќи го во предвид фактот што цената на комуналните услуги има своја социјална димензија, а со цел одржување на јавната чистота, парковските и зелени површини, неопходна е субвенционирање на Годишната Програма за работа на ЈКП Комуналец за 2023 година,со што му се овозможи нормално и непречено функционирање.

Планираните средства за субвенционирање се фиксни а евентуалните измени би се усогласиле со Изнени и дополнувања на Буџетот на Општината кои би следеле во текот на 2023 година, со што и Годишната програма за работа за 2023 година на ЈКП Комуналец би била дополнително изменета и усогласена.

**II Субвенционирање на Оперативен план на ЈП ЕнергоПрилеп**

За субвенционирање на тековно-оперативниот план за 2023 година во Буџетот за 2023 година се планираат средства во висина од 10.000.000,00 денари.

Вкупните средства за субвенционирање на Оперативниот план на ЈП Енерго Прилеп се алоцираат во:

-Потпрограма Ј30-Јавно осветлување на

-Ставка 461-Субвенции за јавни претпријатија, на

-Потставка 461130-Субвенции за јавни комунални претпријатија.

Исплатите на средствата за субвенционирање на ЈП Енерго Прилеп, ќе се врши по доставена соодветна документација (копии од фактурите за потрошена електрична енергија доствени од страна на испорачателот) и проверка,контрола и одобрување од соодветните раководни лица од Одделението за комунални дејности при Секторот за урбанизам и заштита на човекова средина.

Притоа, имајќи го во предвид непредвидливоста на цената на елктричната енергија, неможе да се планира висината на вкупната субвенција.

Со Програмата ќе се субвенционираат и тековно-оперативните расходи за:

-Бруто плати за вработените

-Привремени вработувања

-Канцелариски материјали

-Договорни услуги

-Сметководствено-книговодствени услуги

-Правни услуги.

Исплатите на средствата за субвенционирање на тековно-оперативните расходи, ќе се врши по доставена соодветна документација (копии од фактурите за набавени стоки и услуги доствени од страна на добавувачите)


**Општина Прилеп**
ул:„Прилепски бранители" 66, 7500 Прилеп
телефон: (0) 48 401-701 • факс: (0) 48 426-430
e-mail: prilep@prilep.gov.mk • web www.prilep.gov.mk

и проверка,контрола и одобрување од соодветните раководни лица од Општинската администрација.

### III Субвенционирање на Годишниот Оперативен План на ЈКП Пазари

За субвенционирање на Годишниот оперативен план за 2023 година на ЈКП Пазари, се планираат 1.000.000,00 денари, кои средства се алоцирани во:

-Потпрограма- А00- Совет на Општина, а ќе се субвенционираат следните активности:

-Тековно одржување на Градски пазар;

-Изработка на техничка документација за водоводна и канализациона мрежа;

-Реконструкција на водоводна и канализациона мрежа;

- Модернизација и замена на дотраени тезги;

- Трошоци за интелектуални услуги

Планираните средства за субвенционирање се фиксни, а евентуалните измени би се усогласиле со Изнени и дополнувања на Буџетот на Општината, кои би следеле во текот на 2023 година, со што и Годишната програма за работа за 2023 година на ЈКП Пазари, би била дополнително изменета и усогласена.

### IV Субвенционирање на Годишниот Оперативен План на ЈП ПУП

За субвенционирање на Годишниот оперативен план за 2023 година на ЈП за ПУП се планираат 4.000.000,00 денари, кои средства се алоцирани во:
-Програма Ј5- Јавен локален превоз на патници во износ од 4.000.000,00 денари,ќе се субвенционираат следните активности:

- Субвенционирање на дел од трошоците за гориво и мазиво за возилата на јавен градски превоз од причини што услугата има и социјална компонента со цел цената на возниот билет да биде на пониско ниво, а со тоа да се придонесе за заштита на најранливите категории корисници на услугата, а на ЈП за ПУП му се овозможи нормално и непречено функционирање.

Планираните средства за субвенционирање се фиксни, а евентуалните измени би се усогласиле со Изнени и дополнувања на Буџетот на Општината кои би следеле во текот на 2023 година, со што и Годишната програма за работа за 2023 година на ЈП за ПУП би била дополнително изменета и усогласена.

Број 09-4615/6
29.12.2022 год.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Дејан Проданоски


Општина Прилеп
ул:„Прилепски бранители" бб, 7500 Прилеп
телефон: (0) 48 401-701 • факс: (0) 48 426-430
e-mail: prilep@prilep.gov.mk • web www.prilep.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп” 6/2003, 4/2005, 11/2008, 9/2019 и 5/2021) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА МЕСЕЧНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ВОДА НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Програмата за субвенционирање на месечните трошоци за вода на социјално ранливи категории на граѓани за 2023 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08-4617/6
29.12.2022 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Борче Јовчески

**Општина Прилеп**
Локална самоуправа

**Municipality of Prilep**
Local government

**Предлагач:Градоначалник на ЕЛС Прилеп**

**Борче Јовчески**

**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања при ЕЛС Прилеп**

# П Р О Г Р А М А
# ЗА
# СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ ЗА 2023 ГОДИНА

**Прилеп, декември 2022 година**


**Општина Прилеп**
ул:„Прилепски бранители" бб, 7500 Прилеп
телефон: (0) 48 401- 701 • факс: (0) 48 426-430
e-mail: prilep@prilep.gov.mk • web www.prilep.gov.mk

Врз основа на член 22, став 1, точка7 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002) и член 14, став 1, точка 7 статутот на општина Прилеп (''Службен гласник на општина Прилеп'' бр.6/2003; 4/2005 и 10/2008), Советот на општина Прилеп на 20 седница одржана на 29.12.2022 година донесе:

# П Р О Г Р А М А
# ЗА
# СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА МЕСЕЧНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА ВОДА НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ ЗА 2023 ГОДИНА

## 1.Предмет

Со Програмата се уредува видот, висината и начинот на субвенционирање на месечните трошоци за вода на социјално ранливи категории на граѓани за 2023 година.

## 2.Цели на програмата

Обезбедувањето на соодветно ниво на социјална заштита на најранливите слоеви на граѓани е од особена важност за постигнување на повисоко ниво на социјална правда.Целна група се социјално ранливи категории на граѓани евидентирани во Јавна установа Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Прилеп како корисници на постојана парична помош.Преку субвенционирање на 5м3 потрошена вода во текот на еден месец по домаќинство, се прават напори да се подобри социо-економската состојба кај оваа категорија на граѓани.

Корисници на постојана парична помош се најранливата група на граѓани и семејства за кои секоја општествена заедница треба да најде начин и форма за заштита на животнио стандард со цел обезбеување на минимум услови за егзистенција.Имено во оваа категоја на корисници се вбројуваат лица и семејства кои покрај фактот што материјално не се обезбедени, истовремено истите се и работно неспособни.Станува збор за самохрани родители кои имаат деца до тригодишна возраст, лица кои заради хронични заболувања не се способни за да бидат работно ангажирани, потоа стари лица


Општина Прилеп
ул:„Прилепски бранители" 66, 7500 Прилеп
телефон: (0) 48 401- 701 • факс: (0) 48 426-430
e-mail: prilep@prilep.gov.mk • web www.prilep.gov.mk

над 65-годишна возраст кои не се материјално обезбедени по друг основ ( немаат стекнато право на пензија).тоа е дополнителен мотив за општествената заедница преку инструменти на активна социјална политика изнајдат форми и начини за подобрување на животниот стандард, односно обезбедување на достоинствена егзистенција за истите.Центрите за социјална работа, но истовремено и локалната самоуправа во рамките на своите надлежности да пронајдат начини и форми и да обезбедат средства за субвенционирање на месечните трошоци за вода.Со субвенционирањето на дел од месечните трошоци за вода локалната самоуправа прави напори оваа категорија на граѓани да можат редовно да ги подмирува месечните трошоци за вода, како основен ресурс за нормален живот на едно семејство.

### 3. Начин на трансферирање на средствата

Средствата за реализација на Програмата алоцирани се во Буџетот на Општината за 2023 година, во:

-Потпрограма Е00- Општинска администрација на:

-Ставка 464- Разни трансфери на:

-Потставка 464990- Други трансфери, висина од 2.600.000,00 денари.

Базата со податоци за корисниците на постојана парична помош ажурирана на месечно ниво од Центарот за социјална помош, ќе ја превзема Општината најдоцна до 15-ти во месецот за предходниот месец за кој се врши субвенционирање на трошоците за вода.Секторот за финансиски прашања ќе врши поединечен трансфер за секој корисник на постојана парична помош во противвредност на цената на чинење на 5м3 вода на сметката на ЈКП ''Водовод и канализација'' и пресметка и исплата на персонален данок. ЈКП ''Водовод и канализација''за уплатените средства, поединечно ќе му ја намали месечната обврска за вода на корисниците на постојаната парична помош.

Се задожува ЈКП ''Водовод и канализација'' да доставува информација за трансферираните средства од локалната самоуправа по однос на субвенционирање на трошоците за вода поединечно за секој корисник на тримесечна основа до Секторот за финансиски прашања.


Општина Прилеп
ул:„Прилепски бранители“ 66, 7500 Прилеп
телефон: (0) 48 401- 701 • факс: (0) 48 426-430
e-mail: prilep@prilep.gov.mk • web www.prilep.gov.mk

**4. Завршни одредби**

Програмата за субвенционирање на месечните трошови за вода на социјално ранливите категории на граѓани е со важност до 31 декември 2023 година

Средствата во Програмата се фиксни, а за превземање на дополнителни обврски потребно е да се обезбедат дополнителни средства во буџетот за 2023 година

Број 09-4615/7
29.12.2022 год.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина
Дејан Продаioски


**Општина Прилеп**
**ул:„Прилепски бранители" бб, 7500 Прилеп**
**телефон: (0) 48 401- 701 ● факс: (0) 48 426-430**
**e-mail: prilep@prilep.gov.mk** ● web www.prilep.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп” 6/2003, 4/2005, 11/2008, 9/2019 и 5/2021) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА ПРИЛЕП, ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Буџетскиот Календар на Општина Прилеп, за 2023 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08-4617/7
29.12.2022 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Борче Јовчески

БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2023 ГОДИНА

**Процес на Буџетирање на ЕЛС ПРИЛЕП**

| Реден број на активноста | Надлежен за активноста | Опис на активноста | Критериум или основ за постапување | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Совет на општина | Советот на Општината го донесува буџетскиот календар | Закон за финансирање на ЕЛС (Сл.весник бр.61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11 192/15 член 27 став 4 и став 5) | ноември / декември тековна за наредна година |
| 2. | Градоначалник на ЕЛС | Објавување на Буџетскиот календар во Службен гласник | Закон за локална самоуправа (Сл.весник бр.5/02 член 62 став 4) | најдоцна седум дена од денот на нивното донесување |
| 3. | Влада на РМ | утврдување на стратешки приоритети за наредна година во тековната година | Закон за буџетите (Сл.весник бр.64/05; 04/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11;171/12; 192/15; 167/16 член 14 и член 15) | најдоцна до 15 април во тековната година |
| 4. | Влада на РМ | донесување на фискална стратегија за среднорочен период од три години | Закон за буџетите (Сл.весник бр.64/05; 04/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11;171/12; 192/15; 167/16 член 16) | најдоцна до 31 мај во тековната година |
| 5. | Совет на општина | Донесување на фискална стратегија и стратешки документи за среднорочен период од три години | Закон за локална самоуправа (Сл.весник бр.5/02 член 36) добра праска | најдоцна до 31 мај во тековната година |
| 6. | Министерот за финансии | доставување на инструкции во форма на буџетски циркулар | Закон за финансирање на ЕЛС (Сл.весник бр.61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11 192/15 член 27 став 1 и став 2) Закон за буџетите (Сл.весник бр.64/05; 04/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11;171/12; 192/15; 167/16 член 19 став 3) | најдоцна до 30 септември во тековната година за наредната година |
| 7. | Градоначалник на ЕЛС | Градоначалникот подготвува препораки/насоки за подготовка на финансиски планови и ги поднесува до корисниците на општинскиот буџет | Закон за финансирање на ЕЛС (Сл.весник бр.61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11 192/15 член 27 став 5 алинеа 1) | најдоцна до 30 септември во тековната година за наредната година |
| 8. | Општинските буџетски корисници | Општинските буџетски корисници ги доставуваат нивните финансиски планови заедно со објаснувањата за одделните износи по позиции | Закон за финансирање на ЕЛС (Сл.весник бр.61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11 192/15 член 27 став 5 алинеа 2) | најдоцна до 31 октомври во тековната година за наредната година |
| 9. | Сектор / Одделение за финансиски прашања | Анализа на финанискте планови на буџетските корисници и го известува Градоначалникот за основните параметри (зголемени или намалени барања) | Буџетски календар | најдоцна до 15 ноември во тековната година за наредната година |
| 10. | Градоначалник на ЕЛС | Буџетските информации и насоки се доставуваат до организационите единици во Општината и надлежните служби, јавни претпријатија и јавни установи кои се инволвирани за предлагање на програмите за развој | Буџетски календар | најдоцна до 30 септември во тековната година за наредната година |

| Реден број на активноста | Надлежен за активноста | Опис на активноста | Критериум или основ за постапување | Временска рамка | |
|---|---|---|---|---|---|
| 11. | Организационите единици во Општината и надлежните служби, јавни претпријатија и јавни установи | Организацините единици и надлежните служби, јавни претпријатија и јавни установи доставуваат потребни податоци за проекти кои ќе бидат составен дел на програмите за развој утврдени со Буџетскиот циркулар | Буџетски календар<br>Буџетски циркулар<br>Насоки од градоначалникот | најдоцна до 10 октомври во тековната година за наредната година | |
| 12. | Сектор / Одделение за финансиски прашања | Анализа на доставените податоци и структуирање на Биланс на приходи и Биланс на расходи и изготвување на Програми за развој и нивно доставување до Градоначалникот | Буџетски календар | најдоцна до 15 октомври во тековната година за наредната година | |
| 13. | Градоначалник на ЕЛС | Повратни информации и насоки за изработените биланс на приходи и расходи и предлог програми за развој | Буџетски календар | најдоцна до 20 октомври во тековната година за наредните години | |
| 14. | Градоначалник на ЕЛС | Доставување на предлог програми за развој до советот на општината | Закон за буџетите (Сл.весник бр.64/05; 04/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11;171/12; 192/15; 167/16 член 21б став 1) | најдоцна до 20 октомври во тековната година за наредните години | |
| 15. | Градоначалник на ЕЛС и Совет на општина | Организирање на јавни расправи, трибини, собири на граѓани, и други активности и форми на обезбедување на потребни информации и податоци за потребите на граѓаните, бизнис заедницата, НВО, ранливи и маргинизирани категории | Статут на општина<br>Буџетски календар | најдоцна до 20 ноември во тековната година за наредната година | |
| 16. | Совет на општина | Донесување на програмите за развој во кој се вклучени барањата и предлозите од оранизираните јавни расправи, трибини, собири на граѓани, и други активности и форми на обезбедување на потребни информации | Закон за буџетите (Сл.весник бр.64/05; 04/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11;171/12; 192/15; 167/16 член 21б став 2) | најдоцна до 15 ноември во тековната година за наредната година | |
| 17. | Сектор / Одделение за финансиски прашања | Подготовка на Буџетот на општината во кој се вклучени програмите за развој и негово доставување до Градоначалникот | Статут на општина<br>Буџетски календар | најдоцна до 30 ноември во тековната година за наредната година | |
| 18. | Градоначалник на ЕЛС | Градоначалникот доставува до Советот на општината, Предлог буџет на општината за наредната година заедно со одлука за извршување на Буџетот на општината | Закон за финансирање на ЕЛС (Сл.весник бр.61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11 192/15 член 27 став 5 алинеа 3) | најдоцна до 05 декември во тековната година за наредната година | |

| Реден број на активноста | Надлежен за активноста | Опис на активноста | Критериум или основ за постапување | Временска рамка | |
|---|---|---|---|---|---|
| 19. | Комисии и работни тела | Се води расправа во телата на Советот на Општината со посебен осврт на родовото буџетирање | Статут на општина<br>Буџетски календар<br>Закон за еднакви можности на мажите и жените (Сл.весник бр.6/12; 30/13; член 14)<br>Стратегија за родова еднаквост 2013-2020 (Сл.весник бр.27/13)<br>Прирачник за родово одговорно буџетирање за администрацијата на Република Македонија | најдоцна до 25 декември во тековната година за наредната година | |
| 20. | Совет на општина | Разгледување на предлог Буџетот со доставените заклучоци од работните тела и комисии на Советот на општината и донесување на Буџетот на општината и одлуката за извршување на Буџетот на општината | Закон за финансирање на ЕЛС (Сл.весник бр.61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11 192/15 член 28 став 1) | не покасно од 31 декември од тековната за наредната година | |
| 21. | Градоначалник на ЕЛС | Објавување на Буџетот на оптшината и Одлуката за извршување на Буџетот на општината во Службен гласник | Закон за локална самоуправа (Сл.весник бр.5/02 член 62 став 4) | најдоцна седум дена од денот на нивносто донесување | |
| 22. | Градоначалник на ЕЛС | Доставување на буџетот на општината и одлуката за извршување на буџетот на општината до МФ, Сектор трезор за негово вчитување | Закон за буџетите (Сл.весник бр.64/05; 04/08; 103/08; 156/09; 95/10; 180/11;171/12; 192/15; 167/16 член 38 став 1 алинеја 16 )<br>Упатство за начинот на трезорско работење (Сл.весник бр.183/13; дел 6 точка 35 став 2 и точка 40 став 3) | во рок од 25 од денот на донесување на Буџетот | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | Бр.09- 4615/8 | | Претседател | | |
| | 29.12.2022 година | | на Совет на Општина | | |
| | Прилеп | | Дејан Проданоски | | |
| | | | | | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003, 4/2005, 11/2008, 9/2019 и 5/2021) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2023 ГОДИНА

1. Програмата за работа на Советот на Општина Прилеп за 2023 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-4617/8
29.12.2022 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Борче Јовчески

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.Македонија" бр 5/2002), член 26 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Прилеп („Службен гласник на Општина Прилеп„ бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008) и член 119 од Деловникот на Советот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп бр.11/2004), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.12.2022 година, донесе:

## П Р О Г Р А М А
за работа на Советот на Општина Прилеп за 2023 година

### I. ОПШТ ДЕЛ

Според надлежностите што се определени со Уставот на Република Северна Македонија, Законот за локалната самоуправа, Стаутот и Деловникот за работа на Советот на Општина Прилеп, Советот донесува Програма за работа за 2023 година.

Во Програмата се обележани основните рамки и насоки за работа на Советот во календарската 2023 година согласно со надлежностите кои се во ингеренции на Советот.
Програмата овозможува транспарентност во работата на Општината и е отворена за постојано проширување и дополнување согласно со укажувања на заинтересирани субјекти и поединци од Општината.

### II. ПОСЕБЕН ДЕЛ

### II.1. Прво тримесечие - период ЈАНУАРИ - МАРТ 2023 година

**НОСИТЕЛ:** Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина.
**РАЗГЛЕДУВА:**Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
**ДОНЕСУВА:**Советот на Општина Прилеп.

- Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2023 година.
- Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Прилеп за 2023 година.
- Донесување, изменување и дополнување на урбанистичките планови во Општина Прилеп.
- Утврдување на услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши

проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти и утврдување услови за пренамена на објектите.

**ИЗРАБОТУВА:**Сектор за финансиски прашања на ЕЛС, ЈКП "Комуналец" Прилеп, ЈКП "Водовод и канализација" Прилеп, ЈКП"Пазари" Прилеп, ЈП за ПУП Прилеп, ЈП „Енерго – Прилеп“, , ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник’’-Прилеп
**РАЗГЛЕДУВА:**Комисија за финансирање и буџет
**ДОНЕСУВА:** Совет на Општина Прилеп

- Завршна сметка на Буџетот на Општина Прилеп за 2022 година.
- Завршна сметка за финансиското работење на ЈКП "Комуналец" Прилеп за 2022 година.
- Завршна сметка за финансиското работење на ЈКП "Водовод и канализација" Прилеп за 2022 година.
- Завршна сметка за финансиското работење на ЈКП"Пазари" Прилеп за 2022 година.
- Завршна сметка за финансиското работење на ЈП за ПУП Прилеп за 2022 година
- Завршна сметка за финансиското работење на ЈП за „Енерго – Прилеп“ за 2022 година
- Годишната сметка на ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник’’-Прилеп

**ИЗРАБОТУВА:** основните и средните училишта
**РАЗГЛЕДУВА:** Комисија за финансирање и буџет
**ДОНЕСУВА:** Совет на Општина Прилеп

- Завршните сметки 787, 785 и 903 на ООУ "Кочо Рацин" - Прилеп
- Завршните сметки 787, 785 и 903 на ООУ "Рампо Левката" - Прилеп.
- Завршните сметки 787, 785 и 903 на ООУ "Кире Гаврилоски" - Прилеп.
- Завршните сметки 787, 785 и 903 на ООУ "Гоце Делчев" - Прилеп
- Завршните сметки 787, 785 и 903 на ООУ "Добре Јованоски" - Прилеп
- Завршните сметки 787, 785 и 903 на ООУ "Блаже Конески" - Прилеп
- Завршните сметки 787, 785 и 903 на ООУ "Климент Охридски" - Прилеп
- Завршните сметки 787, 785 и 903 на ООУ "Круме Волнароски" - Прилеп
- Завршните сметки 787, 785 и 903 на ООУ "Страшо Пинџур" - Прилеп
- Завршните сметки 787, 785 и 903 на ООУ ’Кирил и Методиј’ - Прилеп
- Завршните сметки 787, 785 и 903 на СОУ "Мирче Ацев" - Прилеп
- Завршните сметки 787, 785 и 903 на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп
- Завршните сметки 787, 785 и 903 на СОУ "Ристе Ристески" - Прилеп
- Завршните сметки 787, 785 и 903 на СОУ "Ѓорче Петров" - Прилеп
- Завршните сметки 787, 785 и 903 на СОЕПТУ "Кузман Јосифоски" - Прилеп
- Завршните сметки 787, 785 и 903 на ООМУ „ Ордан Михајлоски- Прилеп

**ИЗРАБОТУВА:** ЈКП "Комуналец" Прилеп, ЈОУДГ „Наша иднина" Прилеп, ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески„-Прилеп
**РАЗГЛЕДУВА:** Комисија за урбанизам,
комунални дејности и заштита на животна средина и Комисија за општествени дејности и правата на децата
**ДОНЕСУВА:** Совет на Општина Прилеп

- Извештај за извршениот Оперативен план на ЈКП „Комуналец„- Прилеп за 2022 година.
- Извештајот за реализирани активности на ЈОУДГ „Наша иднина" Прилеп за 2022 година
- Извештајот за реализација на Годишната Програма за работа на ЈОУДГ „Наша иднина" Прилеп за 2022 година
- Извештајот за работата на ЈОУ Градска библиотека „Борка Талески„-Прилеп

**ИЗРАБОТУВА:** Комисија за општествени дејности и Комисија за одбележување на значални настани, личности и празници
**ДОНЕСУВА:** Совет на Општина Прилеп и Комисијата за општествени дејности

- Програма за одбележување на верскиот празник ,,Прочка" и учество во манифестацијата ,,Собири на карневалски градови".
- Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на Меѓународниот карневал ,,ПРОЧКА'' за 2023 година
- Советнички прашања и одговори.

**II.2. Второ тримесечие - период АПРИЛ - ЈУНИ 2023 година**

**НОСИТЕЛ:** Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина.
**РАЗГЛЕДУВА**:Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
**ДОНЕСУВА:**Советот на Општина Прилеп.

- Утврдување на услови за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти како и утврдување услови за пренамена на објектите.
- Донесување, изменување и дополнување на урбанистичките планови во Општина Прилеп.

**ИЗРАБОТУВА:** Сектор за финансиски прашања на ЕЛС, ЈКП "Водовод и канализација" Прилеп, ЈКП"Пазари" Прилеп, ЈКП "Комуналец" Прилеп, ЈП за ПУП Прилеп, ЈП „Енерго – Прилеп"Прилеп, ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник''-Прилеп
**РАЗГЛЕДУВА:** Комисија за финансирање и буџет
**ДОНЕСУВА:**Совет на Општина Прилеп

- Извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за прв квартал,
- Финансискиот Извештај за финансиското работење на ЈП за ПУП Прилеп, за прв квартал
- Финансискиот Извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Водовод и канализација'' Прилеп, за прв квартал
- Финансискиот Извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Пазари'' Прилеп, за прв квартал
- Финансискиот Извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец'' Прилеп, за прв квартал
- Финансискиот Извештај за финансиското работење на ЈП „Енерго – Прилеп" Прилеп, за прв квартал
- Финансискиот Извештај за финансиското работење на ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник''-Прилеп, за прв квартал

**ИЗРАБОТУВА:**основните и средните училишта
**РАЗГЛЕДУВА**:Комисија за општествени дејности и правата на децата
**ДОНЕСУВА:**Совет на Општина Прилеп

- Финансиски план на ООУ "Кочо Рацин" - Прилеп за 2023
- Финансиски план на ООУ "Рампо Левката" - Прилеп за 2023
- Финансиски план на ООУ "Кире Гаврилоски" - Прилеп за 2023
- Финансиски план на ООУ ООУ "Гоце Делчев" - Прилеп за 2023
- Финансиски план на ООУ "Добре Јованоски" - Прилеп за 2023
- Финансиски план на ООУ "Блаже Конески" - Прилеп за 2023
- Финансиски план на ООУ "Климент Охридски" - Прилеп за 2023
- Финансиски план на ООУ "Круме Волнароски" - Прилеп за 2023

- Финансиски план на ООУ "Страшо Пинџур" - Прилеп за 2023
- Финансиски план на ООУ 'Кирил и Методиј' - Прилеп за 2023
- Финансиски план на СОУ "Мирче Ацев" - Прилеп за 2023
- Финансиски план на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп за 2023
- Финансиски план на СОУ "Ристе Ристески" - Прилеп за 2023
- Финансиски план на СОУ "Ѓорче Петров" - Прилеп за 2023
- Финансиски план на СОУ "Кузман Јосифоски" - Прилеп за 2023
- Финансиски план на ООМУ „ Ордан Михајлоски- Прилеп за 2023

| |
|---|
| **НОСИТЕЛ:** Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина.<br>**РАЗГЛЕДУВА:**Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина и Комисија за општествени дејности<br>**ДОНЕСУВА**:Советот на Општина Прилеп. |

- Правилник за поставување на урбана опрема;

| |
|---|
| **ИЗРАБОТУВА:** ЈП за ПУП Прилеп,ЛЕР<br>**РАЗГЛЕДУВА:** Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина<br>**ДОНЕСУВА:**Совет на Општина Прилеп |

- Одлука за определување на локалитет за организирање на"Фестивал на пивото - 2023
- Ценовникот на услугите за паркирање на патнички моторни возила на Јавните паркиралишта од значење за Општина Прилеп за време на оджување на ПИВО ФЕСТ 2022 – ПРИЛЕП
- Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за време на одржување на "Фестивал на пивото – 2023

**II.3. Трето тримесечие - период ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2023 година**

| |
|---|
| **НОСИТЕЛ:** Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина.<br>**РАЗГЛЕДУВА:**Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина<br>**ДОНЕСУВА:**Советот на Општина Прилеп. |

- Донесување, изменување и дополнување на урбанистичките планови во Општина Прилеп.

| |
|---|
| **ИЗРАБОТУВА:** Сектор за финансиски прашања на ЕЛС, ЈП за ПУП Прилеп, ЈКП"Пазари" Прилеп, , ЈКП "Водовод и канализација" Прилеп, ЈКП "Комуналец"Прилеп, ЈП „Енерго – Прилеп“ Прилеп, ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник''- Прилеп<br>**РАЗГЛЕДУВА:** Комисија за финансирање и буџет<br>**ДОНЕСУВА:**Совет на Општина Прилеп |

- Извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за втор квартал,
- Финансискиот Извештај за финансиското работење на ЈП за ПУП Прилеп, за втор квартал
- Финансискиот Извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Водовод и канализација'' Прилеп, за втор квартал
- Финансискиот Извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Пазари'' Прилеп, за втор квартал
- Финансискиот Извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец'' Прилеп, за втор квартал
- Финансискиот Извештај за финансиското работење на ЈП „Енерго – Прилеп" Прилеп, за втор квартал
- Финансискиот Извештај за финансиското работење на ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник''-Прилеп,за втор квартал

| |
|---|
| **ИЗРАБОТУВА**: Комисија за одбележување на значални настани, личности и празници во соработка со Сојузот на борците<br>**РАЗГЛЕДУВА:** Советот на Општина Прилеп<br>**УСВОЈУВА:** Советот на Општина Прилеп. |

- Програма за прославување на 11 Октомври.

| |
|---|
| **ИЗРАБОТУВА:** ПС прилеп<br>**РАЗГЛЕДУВА:** Комисија за општествени дејности<br>**ДОНЕСУВА:**Совет на Општина Прилеп |

- Информација за превземените мерки за безбедноста на сообраќајот на патиштата во Општина Прилеп.

| |
|---|
| **ИЗРАБОТУВА**: сите основни и средни училишта во Општина Прилеп<br>**РАЗГЛЕДУВА:** Комисија за општествени дејности<br>**ДОНЕСУВА:**Совет на Општина Прилеп |

- Годишниот Извештај за работа на ООУ "Кочо Рацин" - Прилеп, за учебната 2022/2023 година
- Годишниот Извештај за работа на ООУ "Рампо Левката" - Прилеп, за учебната 2022/2023 година
- Годишниот Извештај за работа на ООУ "Кире Гаврилоски" - Прилеп, за учебната 2022/2023 година
- Годишниот Извештај за работа на ООУ "Гоце Делчев" - Прилеп, за учебната 2022/2023 година
- Годишниот Извештај за работа на ООУ "Добре Јованоски" - Прилеп, за учебната 2022/2023 година
- Годишниот Извештај за работа на ООУ "Блаже Конески" - Прилеп, за учебната 2022/2023 година
- Годишниот Извештај за работа на ООУ "Климент Охридски" - Прилеп, за учебната 2022/2023 година
- Годишниот Извештај за работа на ООУ "Круме Волнароски" - Прилеп, за учебната 2022/2023 година
- Годишниот Извештај за работа на ООУ "Страшо Пинџур" - Прилеп, за учебната 2022/2023 година
- Годишниот Извештај за работа на ООУ 'Кирил и Методиј' - Прилеп, за учебната 2022/2023 година
- Годишниот Извештај за работа на СОУ "Мирче Ацев" - Прилеп, за учебната 2022/2023 година
- Годишниот Извештај за работа на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп, за учебната 2022/2023 година
- Годишниот Извештај за работа на СОУ "Ристе Ристески" - Прилеп, за учебната 2022/2023 година
- Годишниот Извештај за работа на СОУ "Ѓорче Петров" - Прилеп, за учебната 2022/2023 година
- Годишниот Извештај за работа на СОЕПТУ "Кузман Јосифоски" - Прилеп, за учебната 2022/2023 година
- Годишниот Извештај за работа на ООМУ „ Ордан Михајлоски-Прилеп, за учебната 2022/2023 година
- Годишна Програма за работа на ООУ "Кочо Рацин' - Прилеп,
- за учебната 2023/2024 година
- Годишна Програма за работа на ООУ "Рампо Левката"- Прилеп, за учебната 2023/2024 година
- Годишна Програма за работа на ООУ "Кире Гаврилоски" - Прилеп, за учебната 2023/2024 година
- Годишна Програма за работа на ООУ "Гоце Делчев"- Прилеп, за учебната 2023/2024 година

- Годишна Програма за работа на ООУ "Добре Јованоски" - Прилеп, за учебната 2023/2024 година
- Годишна Програма за работа на ООУ "Блаже Конески"- Прилеп, за учебната 2023/2024 година
- Годишна Програма за работа на ООУ "Климент Охридски" - Прилеп, за учебната 2023/2024 година
- Годишна Програма за работа на ООУ "Круме Волнароски" - Прилеп, за учебната 2023/2024 година
- Годишна Програма за работа на ООУ "Страшо Пинџур" - Прилеп, за учебната 2023/2024 година
- Годишна Програма за работа на ООУ ʼКирил и Методијʼ - Прилеп, за учебната 2023/2024 година
- Годишна Програма за работа на СОУ "Мирче Ацевʼ - Прилеп, за учебната 2023/2024 година
- Годишна Програма за работа на СОУ "Орде Чопела"- Прилеп, за учебната 2023/2024 година
- Годишна Програма за работа на СОУ "Ристе Ристески" - Прилеп, за учебната 2023/2024 година
- Годишна Програма за работа на СОУ "Ѓорче Петров" - Прилеп, за учебната 2023/2024 година.
- Годишна Програма за работа на СОЕПТУ "Кузман Јосифоски"- Прилеп, за учебната 2023/2024 година
- Годишна Програма за работа на ООМУ „ Ордан Михајлоски- Прилеп, за учебната 2023/2024 година
- Програмата за изведување на научно наставни - екскурзи во учебната 2023/2024 година на ООУ "Кочо Рацин"- Прилеп
- Програмата за изведување на научно наставни - екскурзи во учебната 2023/2024 година на ООУ "Рампо Левката"- Прилеп
- Програмата за изведување на научно наставни - екскурзи во учебната 2023/2024 година на ООУ "Кире Гаврилоски"- Прилеп
- Програмата за изведување на научно наставни - екскурзи во учебната 2023/2024 година на ООУ "Гоце Делчев"- Прилеп
- Програмата за изведување на научно наставни - екскурзи во учебната 2023/2024 година на ООУ "Добре Јованоски"- Прилеп
- Програмата за изведување на научно наставни - екскурзи во учебната 2023/2024 година на ООУ "Блаже Конески"- Прилеп
- Програмата за изведување на научно наставни - екскурзи во учебната 2023/2024 година на ООУ "Климент Охридски"- Прилеп
- Програмата за изведување на научно наставни - екскурзи во учебната 2023/2024 година на ООУ "Страшо Пинџур"- Прилеп

**II. 4. Четврто тримесечие - период ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2023 година**

| |
|---|
| НОСИТЕЛ: Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина.<br>РАЗГЛЕДУВА: Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина<br>ДОНЕСУВА:Советот на Општина Прилеп. |

- Донесување, изменување и дополнување на урбанистичките планови во Општина Прилеп.

| |
|---|
| **РАЗГЛЕДУВА:** Комисија за одбележување на значајни настани, личности и празници<br>**УСВОЈУВА:** Комисија за одбележување на значајни настани, личности и празници |

- Доделување на награди 3 Ноември.

| |
|---|
| **ИЗРАБОТУВА:**Сектор за финансиски прашања на ЕЛС, ЈП за ПУП Прилеп, ЈКП "Водовод и канализација" Прилеп, ЈКП"Пазари" Прилеп, ЈКП "Комуналец" Прилеп, ЈП „Енерго – Прилеп“ Прилеп, ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник’’-Прилеп<br>**РАЗГЛЕДУВА:** Комисија за финансирање и буџет<br>**УСВОЈУВА:** Совет на Општина Прилеп |

- Извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за трет квартал,
- Финансискиот Извештај за финансиското работење на ЈП за ПУП Прилеп, за трет квартал
- Финансискиот Извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Водовод и канализација'' Прилеп, за трет квартал
- Финансискиот Извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Пазари'' Прилеп, за трет квартал
- Финансискиот Извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец'' Прилеп, за трет квартал
- Финансискиот Извештај за финансиското работење на ЈП „Енерго – Прилеп“ Прилеп, за трет квартал
- Финансискиот Извештај за финансиското работење на ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник''-Прилеп, за трет квартал
- План на програми за развој на Општина Прилеп за 2024 година

**ИЗРАБОТУВА:** Одделение за локални патишта и улици
**РАЗГЛЕДУВА:**Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина
**ДОНЕСУВА:** Советот на Општина Прилеп

- ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето од Општина Прилеп, за сезоната 2023/2024 година

**ИЗРАБОТУВА:** ПС прилеп, Одделение за јавни дејности
**РАЗГЛЕДУВА:** Комисија за општествени дејности
**ДОНЕСУВА:**Совет на Општина Прилеп

- Извештајот за работата на ПС - Општа надлежност Прилеп во првото полугодие 2022 година
- Давање согласност на СОУ за паралелки со помал број на ученици.

**ИЗРАБОТУВА:** Комисија за Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Прилеп
**ДОНЕСУВА:** Совет на Општина Прилеп

- Програма за работа на Советот на Општина Прилеп за 2024 година.

**ИЗРАБОТУВА:** Сектор за финансиски прашања на ЕЛС, ЈКП "Комуналец" Прилеп, ЈКП "Водовод и канализација" Прилеп, ЈКП"Пазари" Прилеп, ЈП за ПУП Прилеп, ЈП „Енерго – Прилеп“ Прилеп, ЈОУ Градска библиотека ,,Борка Талески''Прилеп, ЈОУДГ ,,Наша иднина''-Прилеп, ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник''-Прилеп Одделение за јавни дејности
**РАЗГЛЕДУВА:** Комисија за финансирање и буџет
**ДОНЕСУВА:**Совет на Општина Прилеп

- Буџет на Општина Прилеп за 2024 година.
- Одлука за извршување на Буџетот за 2024 година.
- Финансиски план на ЈКП,,Комуналец", Прилеп за 2024 година.
- Финансиски план на ЈКП,,Водовод и канализација" Прилеп за 2024 година.
- Финансиски план на ЈКП,,Пазари" Прилеп за 2024 година.
- Финансиски план на ЈП за ,,ПУП" Прилеп за 2024 година
- Финансиски план на ЈП „Енерго – Прилеп“ Прилеп за 2024 година
- Финанскиски план ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник''-Прилеп за 2024 година

- Програмата за работа на ЈП за ПУП Прилеп, за 2024 година
- Програмата за работа на ЈКП ,,Водовод и канализација"Прилеп, за 2024 година
- Програмата за работа на ЈКП ,,Пазари" Прилеп, за 2024 година
- Програмата за работа на ЈКП,,Комуналец", Прилеп за 2024 година
- Програмата за работа на ЈП „Енерго – Прилеп“ Прилеп за 2024 година
- Програмата за работа на ЈОУ Градска библиотека ,,Борка Талески’’Прилеп за 2024 година
- Програмата за работа на ЈОУДГ ,,Наша иднина’’-Прилеп за 2024 година
- Програмата на ЈКП,, Комуналец’’- Прилеп за одржување на јавна чистота на Општина Прилеп за 2024 година
- Програмата на ЈКП,, Комуналец’’- Прилеп за работа на градски гробишта и капела за 2024 година
- Програмата на ЈКП,, Комуналец’’- Прилеп за одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми и рекреативни површина на Општина Прилеп за 2024 година
- Програмата на ЈКП,, Комуналец’’- Прилеп за управување со отпад на територијата на Општина Прилеп за 2024 година
- Програма за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Прилеп за 2024 година.
- Предлог-Програма за обезбедување на оброк за учениците во прво одделение од основните училишта во Општина Прилеп за 2023 година.
- Предлог-Програма за спомен обележја на Општина Прилеп за 2023-2028 година.
- Предлог-Програма за доделување на еднократна парична помош за новороденче.

**III.НОРМАТИВЕН ДЕЛ**

Со овој дел од Програмата за работа на Советот на Општина Прилеп се обработува нормативната дејност на Советот што треба да се извршува во текот на 2023 година, која се сведува во донесување на нормативни акти за усогласување на постојните прописи во изминатиот период од страна на Советот врз основа на прописите што ќе бидат донесени во 2023 година.

**IV.ЗАВРШЕН ДЕЛ**

При разгледувањето на Буџетот и Завршната сметка да се даде поголема јавност.

За извршување на Програмата се задолжуваат предлагачите, изготвувачите и сите останати учесници да се придржуваат на роковите утврдени со програмата.

Во текот на 2023 година, Советот на Општина Прилеп ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.

Извршувањето на Програмата ќе зависи од законските и финансиските услови.

Програмата да се проследи до Градоначалникот и да се објави во "Службен гласник на Општината Прилеп".

Број 09-4615/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.12.2022 година на Совет на Општина Прилеп
Прилеп Дејан Проданоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп” 6/2003, 4/2005, 11/2008, 9/2019 и 5/2021) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНИ ТАКСИ**

1. Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на висината на комунални такси, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08-4617/9 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 29.12.2022 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Борче Јовчески |

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002), член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003 и 4/2005, 11/2008, 9/2019 и 5/2021), а во врска со член 3 став 1 точка 3 од Законот за комунални такси (Службен весник на Р.М бр.61/04, 12/07, 123/12, 154/15, 192/15, 23/16, 151/21), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за измена на Одлуката за утврдување на висината на комунални такси

член 1

Се врши измена и долнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси (Сл.Гласник на Општина Прилеп бр. 10/05, 25/07, 02/09, 1/10, 3/18, 18/18, 5/2020 и 8/2020) и тоа

- Се врши измена во тарифен број 1, член 2, став 1 и тоа:

За фирма, односно назив:

-Во подточка (в) износот од 4000 денари се заменува со 5000 денари;

- Се врши измена во тарифен број 3, член 2 ,став 1 и тоа:

За користење на просторот пред деловни простории завршење дејност од м2 дневно,

-износот од 5 денари се заменува со 15 денари;

-износот од 5 денари се заменува со 10 денари;

- Се врши измена во тарифен број 4 , член 2 , став 1 и тоа :

За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места,

-износот од 400 денари се заменува со 600 денари;

-износот од 700 се заменува со 1000 денари;

-износот од 800 се заменува со 1000 денари;

- Се врши измена во тарифен број 5 , член 2, став 1 и тоа:

За користење на музика во јавни локали,

-износот од 3300 денари се заменува со 4000 денари;

член 2

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ’’Службен гласник на Општина Прилеп’’.

| | |
|---|---|
| Број 09-4615/10 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 29.12.2022 година | на Совет на Општина Прилеп |
| Прилеп | Дејан Продановски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп” 6/2003, 4/2005, 11/2008, 9/2019 и 5/2021) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ОБРОК ЗА УЧЕНИЦИТЕ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Програмата за обезбедување на оброк за учениците во прво одделение од основните училишта во Општина Прилеп за 2023 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

| | |
|---|---|
| Број 08-4617/10 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 29.12.2022 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Борче Јовчески |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003, 4/2005, 11/2008, 9/2019 и 5/2021) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ**

1. Програмата за доделување на еднократна парична помош за новороденче, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-4617/11
29.12.2022 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Борче Јовчески

Врз основа на член 22, став 1 точка 7 и член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002) и член 14, став 1 точка 7 од Статутот на Општина Прилеп (''Службен гласник на Општина Прилеп'' бр.6/2003; 4/2005, 10/2008, 9/2019 и 5/2021), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 29.12.2022 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ**

**1.Предмет**

Со оваа програма се уредува видот, висината и начинот на доделување на еднократна парична помош за новороденче.

**2. Цели на програмата**

Обезбедувањето на соодветна социјална заштита на секое семејство од Општина Прилеп со новородено дете и со крајна цел за поттикнување на наталитетот а со тоа зголемување на природниот прираст во нашата општина.

**3. Начин на трансферирање на средствата**

Право на еднократна парична помош за новороденче има еден од родителите, жител на Општина Прилеп, со постојано место на живеење на територија на Општина Прилеп до денот на раѓањето на детето.

Ако мајката роди близнаци, тројка или повеќе деца при раѓање, за секое живо родено дете има право на еднократна парична помош за секое од децата.

Право на еднократна парична помош за новороденче е во висина од 6.000 денари.

Начинот, постапката и условите за доделување на еднократна парична помош за новороденче се утврдени во Правилник за доделување на еднократна парична помош за новороденче, донесен од Совет на Општина Прилеп.

За реализација на Програмата средствата се алоцирани во Буџетот на Општината за 2023 година во :

-Потпрограма А00 – Совет на Општина на:
-Ставка 471 Социјални надоместоци на:
-Потставка 471230– Помош за новороденчиња, висина од 3.600.000,00 денари.

**4. Завршни одредби**

Програмата за доделување на еднократна парична помош за новороденче е со важност до 31 декември 2023 година.

Средставата во Програмата се фиксни, а за превземање на дополнителни обврски потребно е да се обезбедат дополнителни средства во буџетот за 2023 година.

Оваа Програма влегува во сила од денот на донесување, а истата ќе се објави во Службен Гласник на Општина Прилеп.

Број 09-4615/12
29.12.2022 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
Дејан Продановски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003, 4/2005, 11/2008, 9/2019 и 5/2021) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА, ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Програмата за култура, за 2023 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08-4617/12
29.12.2022 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Борче Јовчески

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002), 7 став 3 од Законот за култура („Службен весник на РМ" бр.31/98, бр.49/03, бр.82/05, бр.24/07, бр. 15/08, бр.116/10, бр.47/11, бр.51/11, бр.136/12, бр.23/13, бр.187/13, бр.44/14, бр.61/15 , бр.154/15, бр.39/16 и бр.11/18) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп бр.6/2003, 4/2005, 11/2008, 9/2019 и 5/2021) Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе:

**ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА ЗА 2023 ГОДИНА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

од програмата К4 Културни манифестации и творештво

**ФЕСТИВАЛИ И МАНИФЕСТАЦИИ**

| Р.бр. | Краток опис | Временска рамка | Вкупен Буџет | Активности |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ***Меѓународен Карневал „Прочка“***<br><br>Негување на културното наследство и традицијата.<br><br>www.karnevalprilep.mk | <u>*Месец:*</u> – февруари/март<br><br><u>*Ден*</u>: Верскиот празник Проштени поклади<br><br><u>*Локација*</u>: булевар Гоце Делчев | 600.000,00 ден. | -обезбедување на бина и озвучување<br><br>-ангажирање на музички групи<br><br>-куклено шоу<br><br>-печатење на рекламен материјал,<br><br>-обезбедување на подароци за гостите<br><br>-набавка на материјали за изработка на маски за училиштата<br><br>-сместување на гости и учесници од странство<br><br>-обезбедување на ручек за учесниците во дефилето<br><br>-украсување<br><br>***дел од средствата може да ги добие Здружението Прилепски Мечкари по поднесен проект/барање и доставен извештај за искористените средства од минатата година*** |
| 2. | ***Мариовско-Мегленски културни средби***<br><br>Средба на Македонците од Мегленски и Мариово со културно-уметничка програма на која земаат учество повеќе фолклорни друштва од сите краишта на Македонија | <u>*Месец*</u>: мај<br><br><u>*Ден:*</u> последен викенд<br><br><u>*Локација*</u>: Манстир Св. Илија во близина на село Витолиште, Мариово | 60.000,00 ден. | Во висина од предвидените средства, Општина Прилеп обезбедува:<br><br>-печатење на промотивен материјал<br><br>-организирање на превоз<br><br>-културно-уметничка програма<br><br>- ручек во манастирот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | - озвучување, или<br><br>***За организација на настанот средствата може да ги добие Здружението Мариовско-Мегленски културни средби по поднесен проект/барање и доставен извештај за искористените средства од минатата година*** |
| 3. | ***Фестивал Пеце Атанасовски***<br><br>Фестивал на народни инструменти и песни, единствен е на Балканот кој ги чува од исчезнување древните и драгоцени вештини на свирачите на народни инструменти и пејачите на изворни народни песни.<br><br>www.peceatanasovski.mk | *Месец:* јули, првиот викенд<br><br>*Локација:* Плоштад Александрија, Камена Бина | 60.000,00 ден. | Во висина од предвидените средства, Општина Прилеп обезбедува:<br><br>-сместување на учесници<br><br>-озвучување<br><br>-печатење на покани или<br><br>***За организација на настанот средствата ги добива Фестивалот Пеце Атанасоски по поднесен проект/барање и доставен извештај за искористените средства од минатата година*** |
| 4. | ***Македонски Иселенички Фолк Фестивал*** | *Месец: јули,првата седмица*<br><br>*Локација: Плоштад Александрија* | 60.000,00 мкд. | Во висина од предвидените средства, Општина Прилеп обезбедува:<br><br>-печатење на промотивен материјал<br><br>-простор<br><br>-озвучување, осветлување, или |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | ***За организација средствата ги може да ги добие Здружението организатор по поднесен проект/барање и извештај за искористените средства од минатата година.*** |
| 5. | ***Фестивал Прилеп Фолк Фест*** | *Месец: јуни,првата седмица*<br><br>*Локација: Центар за култура Марко Цепенков* | 60.000,00 мкд. | Во висина од предвидените средства, Општина Прилеп обезбедува:<br><br>-печатење на промотивен материјал<br><br>-простор<br><br>-озвучување, осветлување, или<br><br>***За организација средствата може да ги добие Здружението за музичка продукција и организација на настани „One way“ по поднесено барање и извештај за искористените средства од минатата година.*** |
| 6. | ***Фестивал Сиљан Штркот*** | *Месец: јуни,првата седмица*<br><br>*Локација: Центар за култура Марко Цепенков* | 60.000,00 мкд. | Во висина од предвидените средства, Општина Прилеп обезбедува:<br><br>-печатење на промотивен материјал<br><br>-простор<br><br>-озвучување, осветлување, или<br><br>***За организација средствата ги може да ги добие Здружението Мал Театар по поднесен проект/барање и извештај за*** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | ***искористените средства од минатата година.*** |
| 7. | ***Фестивал Војдан Чернодрински***<br><br>Национален театарски фестивал, кој ги презентира најдобрите драмски остварувања од целокупната македонска театарска продукција. | <u>*Месец*:</u> јуни,<br>првата седмица<br><br><u>*Локација:*</u> Центар за култура Марко Цепенков | 300.000,00 ден. | ***За организација на фестивалот средствата ги добива здружението „Фестивал Војдан Чернодрински“, по поднесен проект и извештај за искористените средства од минатата година.*** |
| 8. | ***Фестивал Мелфест*** | <u>*Месец: јуни,првата седмица*</u><br><br><u>*Локација: Центар за култура Марко Цепенков*</u> | 60.000,00 мкд. | Во висина од предвидените средства, Општина Прилеп обезбедува:<br><br>-печатење на промотивен материјал<br><br>-простор<br><br>-озвучување, осветлување, или<br><br>***За организација средствата може да ги добие Здружението Арт Тен Продукција по поднесен проект/барање и извештај за искористените средства од минатата година.*** |
| 9. | ***Пиво фестивал***<br><br>Фестивалот на пивото, кој изминатава деценија е главниот бренд на град Прилеп со бројни излагачи и настапи на атрактивни балкански ѕвезди<br><br>www.pivofestival.mk | <u>*Месец:*</u> јули<br><br><u>*Ден:*</u> 14 -19<br><br><u>*Локација:*</u> плоштад Александрија, Булевар Гоце Делчев, плоштад Методија А. Ченто | 1.000.000,00 ден. | -учество во културно-забавната програма и ангажман на музички групи<br><br>-обезбедување на бина и озвучување<br><br>-сместување на учесници<br><br>-печетење на рекламен материјал<br><br>-ЗАМП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | ***Поетско Маркукуле*** | Месец: август<br>Локација: споменик Маркови Кули<br>Градска Библиотека | 30.000,00 ден. | Во висина од предвидените средства, Општина Прилеп обезбедува:<br><br>-озвучување<br><br>-печатење на рекламен материјал или<br><br>***За организација средствата ги може да ги добие Здружението на литературни творци по поднесен проект/барање и извештај за искористените средства од минатата година.*** |
| 11. | ***-Поддршка на меѓународни ликовни колонии и симпозиуми***<br><br>***-Интернационални ликовни работилници*** | *Месец: јули-август*<br><br>*Локација: Центар за култура Марко Цепенков* | 60.000,00 ден.<br><br>(вкупна сума) | ***За организација на колонија (симпозиум) средствата ги добиваат здруженијата-организатори со поднесен проект/барање и доставен извештај за искористените средства од минатата година, а максимален износ по настан е 30.000,00 ден.*** |
| 12. | ***-Од нула до култура***<br><br>***Збогатување на музичката и културна наобразба на младите граѓани на Општина Прилеп, како и промоција на млади музичари од општината и Р. Македонија.***<br><br>***Светската популарна поп и рок култура преку тематски концерти на локални бендови со изведба на музика од великани, како Beatles, The Queen, Sting, Bob*** | *20.06.2023 до 20.08.2023 за време на школскиот распуст,*<br><br>*Динамика: еднаш седмично*<br><br>*Камената бина пред споменикот на Александар Македонски.* | 200.000,00 ден.<br><br>(вкупна сума) | Во висина од предвидените средства, Општина Прилеп обезбедува:<br><br>-простор<br><br>-осветлување и озвучување<br><br>-хонорар за бендот со максимален износ од 25.000,00 ден. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ***Dylan, Depeche Mode, Pink Floyd, U2, R.E.M, Michael Jackson и други.*** | | | |
| 13. | ***Прилепски џез фестивал*** | *Месец: август*<br>*Локација: НУЦК „Марко Цепенков (летна сцена)* | 200.000,00 ден. | - настап на музички групи<br><br>- озвучување и бинска опрема<br><br>-видео и аудио снимање<br><br>- ЗАМП |
| 14. | ***Фестивал Ѕвездички*** | *Месец: јуни,првата седмица*<br><br>*Локација: Центар за култура Марко Цепенков* | 60.000,00 мкд. | Во висина од предвидените средства, Општина Прилеп обезбедува:<br><br>-печатење на промотивен материјал<br><br>-простор<br><br>-озвучување, осветлување, или<br><br>***За организација средствата може да ги добие Здружението Естрада Мултимедија Центар по поднесено барање/проект и доставен извештај за искористените средства од минатата година.*** |
| 15. | ***Концерти на Културно-уметнички друштва, танцови групи и слично*** | *Локација:*<br>плоштад Александрија, плоштад Методија А. Ченто, плоштад кај Градскиот саат | 100.000,00 ден.<br><br>(вкупна сума) | Во висина од предвидените средства, Општина Прилеп обезбедува:<br><br>-обезбедување на простор<br><br>-обезбедување на осветлување и озвучување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | -дизајнирање и печатење на покани, флаери или<br><br>***средствата може да ги добие организаторот на концертот по поднесено барање/проект, а максимален износ по настан е 25.000,00 ден.*** |
| 16. | ***Нова Година***<br><br>Организиран заеднички дочек на 2023 година | *Локација:* Плоштад М.А. Ченто | 1.000.000,00 ден. | -обезбедување на бина и озвучување<br><br>-украсување на центарот на градот<br><br>-организирање на културно-забавна програма со огномет<br><br>-набавка на новогодишни пакетчиња<br><br>-набавка рекламен материјал (календари, нотеси, честитки, пенкала, привезоци)<br><br>-отворање на штедна книшка за новороденче |
| 17. | ***Стратегија за култура и културен туризам***<br><br>Креирање на стратешки документ | *Локација:* Простории на Општина Прилеп | 100.000,00 ден. | -ангажирање на консултант<br><br>-канцелариски материјали<br><br>-Инфо сесии |
| 18. | ***Помагање во издаваштво и промоции на книги на Прилепски автори*** | Општина Прилеп | 60.000,00 ден. | Во висина од предвидените средства, Општина Прилеп обезбедува:<br><br>- учество во печатењето на делата<br><br>- откуп на одредена количина на дела<br><br>-организирање на промоции или |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | ***средствата може да ги добие авторот по поднесено барање/проект за испечатено или спремно за печатење дело, а максимален износ по дело е 20.000,00 ден.*** |
| 19. | ***Учество на годишна Конвенција на FECC 2023***<br>Годишно собрание на Федерацијата на карневалски градови на Европа | | 100.000,00 ден. | -обезбедување на котизација<br><br>-обезбедување на превоз<br><br>-обезбедување на средства за членарина |
| 20. | ***Посета/учество на културни, туристички или спортски настани во Македонија и во соседните држави од страна на репрезентативни групи од Прилеп*** | | 300.000,00 ден. | - обезбедување на превоз |
| 21. | ***Поддршка на развојот на културниот и туризам во Прилеп во 2023 и-***<br><br><br>***Организирање на настани од областа на културниот и спортски туризам, како:***<br><br>***-планинско трчање***<br><br>***-атлетски трки***<br><br>***-вело настани***<br><br>***-планинарски тури*** | Општина Прилеп<br><br><br><br><br><br>Настаните опфаќаат различни локации според природата на настанот | 500.000,00 ден. | - Анализа на туристичките потреби<br>- Поттикнување на развојот на алтернативни видови на туризам<br>- Изготвување на проект за одбележување и сигнализација на туристичките места<br>- Печатење на промотивни материјали од областа на културниот туризмот<br>Меѓународна и билатерална соработка во областа на културниот туризам<br>- Едукација и тренинг обуки за туристички проекти<br>- Субвенции за разни туристички манифестации и форуми<br><br>***Во организацијата на настаните, општината учествува со:***<br>-обезбедување на простор<br>-обезбедување на осветлување и озвучување<br>-обезбедување на награди (пехари, медаљи) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ***-алпинизам***<br><br>***-параглајдинг***<br><br>***-авто и мото настани*** | | | -обезбедување на спортска опрема (маички, дресови) или<br><br>***средствата се распределуваат на организаторите врз основа на барања поднесени на Јавен повик и извештај за искористените средства од минатата година. За висината на поединечните проекти одлучува Комисијата за финансирање и буџет од Советот на Општина Прилеп.*** |
| 22. | ***Изработка на годишна програма за култура и финансиски план за 2023*** | Одделение за јавни дејности во Општина Прилеп | / | Тековна активност |
| 23. | ***Изработка на финансиски и наративен извештај за реализираните активности во 2022*** | Одделение за јавни дејности во Општина Прилеп | / | Тековна активност |
| 24. | ***Изработка на годишна програма за одбележување на значајни личности, настани и празници*** | Одделение за јавни дејности во Општина Прилеп | / | Тековна активност |
| 25. | ***Изработка на програма за спомен-обележја на град Прилеп 2023-2028*** | Општина Прилеп | / | Тековна активност |
| 26. | ***Водење на Регистар на спомен-обележја на Општина Прилеп*** | Општина Прилеп | / | Тековна активност |
| ***Вкупно потребни средства за реализирање на предлог програмата за култура на Општина Прилеп во 2023 година*** | | | **4.970.000,00 ден.** | |

***Забелешка:*** - Носител на активностите предвидени со оваа програма е Општина Прилеп-одделението за јавни дејности, како и Здруженијата-организатори на фестивали, манифестации и настани, кои се дел од истата.

Програмата е составен дел од Буџетот на Општина Прилеп интегрирана во Програма К4:

-421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт

-423 Материјали и ситен инвентар

-425 Договорни услуги

-426 Други тековни расходи

-464 Разни трансфери,

како и во програмите за трансфер кон невладини организации и спортски здруженија, администрација, совет и други.

**ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ГОДИШНИНИ НА ЗНАЧАЈНИ ЛИЧНОСТИ, ПРАЗНИЦИ И НАСТАНИ**

| ***Р.бр.*** | ***Краток опис*** | ***Временска рамка*** | ***Вкупен Буџет*** | ***Активности*** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ***Одбележување на верскиот празник Водици***<br>Негување на народните обичаи и традицијата | *Месец:* јануар<br><br>*Локација:* градски базен | 30.000,00 ден. | -печатење на покани и дипломи<br>-озвучување<br>-обезбедување на подароци за учесниците<br>-чај, сок, вода и сендвич за учесниците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | ***Одбележување на 8 Март-меѓународниот Ден на жената*** | *Месец: март* | 80.000,00 ден. | -обезбедување на цвеќе |
| 3. | ***Одбележување на Денот на Ромите 8 Април*** | *Месец: април* | 60.000,00 ден. | -организирање културно-уметничка програма<br>-печатење на промотивен материјал |
| 4. | ***Одбележување на 1 Мај-Меѓународен ден на трудот*** | | 20.000,00 ден. | -синдикални активности |
| 5. | ***Одбележување на 9 Мај-Меѓународен ден на победата над фашизмот и Ден на Европа*** | | 20.000,00 ден. | -организирање на трибина<br>-печатење на промотивен материјал |
| 6. | ***Денови на Крали Марко***<br><br>Одбележување на годишнината од загинувањето на легендарниот крал, со презентирање на македонската култура и уметност. | *Месец:* мај<br><br>*Ден*: 16-17<br><br>*Локација*: Црква Св. Никола, населба Варош; мултимедијално плато, Плоштад М.А. Ченто | 30.000,00 ден. | -печатење на промотивен материјал<br><br>-организирање културно-уметничка програма<br><br>-набавка на потребни материјали<br><br>-историски час<br><br>-организирање на изложба |
| 7. | ***8. Август – Карпалак***<br><br>***Одбележување на годишнина од трагичен настан во 2001, каде животот го загубија десет сограѓани*** | *Месец: август*<br><br>*Локација: споменик Карпалак* | 30.000,00 ден. | -организирање на превоз до Карпалак-Тетово<br><br>-обезбедување на озвучување на спомен-обележјето<br><br>-печатење на покани<br><br>-полагање на свежо цвеќе на спомен-обележјата |
| 8. | ***Одбележување на 11. Октомври-*** | *Локација:* плоштад Александрија, | 300.000,00 ден. | - културно-забавна програма |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Ден на антифашистичкото востание | Плоштад Методија А. Ченто | | -организирање на огномет<br><br>-обезбедување на озвучување<br><br>-печатење на рекламен материјал |
| 9. | ***Одбележување на 23. Октомври-***<br><br>***Ден на македонската револуционерна борба*** | | 30.000,00 ден. | -полагање на свежо цвеќе на спомен-обележјата на револуционерите<br><br>-организирање на трибина |
| 10. | ***Одбележување на 3 Ноември*** –<br><br>Ден на ослободувањето на Прилеп | *Локација:*<br><br>Собраниска сала во Општина Прилеп<br><br>НУЦК „Марко Цепенков“ | 150.000,00 ден. | -организирање на свечено доделување на награди<br><br>-изработка на плакети<br><br>-обезбедување на награда за животно дело<br><br>-дизајнирање на видео-спотови<br><br>-културно-уметничка програма<br><br>-печатење на покани<br><br>-коктел за добитниците и гостите |
| 11. | ***Одбележување на Св. Никола***<br><br>Патрон празник на градот | *Локација:* плоштад Александрија, Параклис Св. Никола | 30.000,00 ден. | -резбана икона/уметничка слика<br><br>-печатење на покани<br><br>-обезбедување на озвучување кај Параклисот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | 100.000,00 ден.<br><br>(покровителство) | -ангажирање на водител<br><br>***Организирање на-Турнир Св. Никола***<br><br>-обезбедување на простор<br><br>-обезбедување на осветлување и озвучување<br><br>-обезбедување на награди (пехари, медаљи)<br><br>-обезбедување на спортска опрема (маички, дресови) и<br><br>***предвидените средства за покровителство се трансферираат на организациониот одбор на турнирот.*** |
| 12. | ***Одбележување на јубилеи на значајни личности и настани во 2023***<br><br>120 години од почетокот на Илинденско востание<br><br>120 години од смртта на Гоце Делчев<br><br>80 години од смртта на Мирче Ацев<br><br>80 години од смртта на Страшо Пинџур<br><br>80 години од смртта на Кочо Рацин<br><br>35 години од смртта на Круме Кепески – 3 ноември<br><br>30 години од смртта на Блаже Конески – 7 декември | *Локација: на спомен-обележјата*<br><br>*02.08.2023*<br><br>*04.05.2023*<br><br>*04.01.2023*<br>*04.01.2023*<br><br>*13.06.2023*<br><br>*03.11.2023*<br><br>*07.12.2023* | 50.000,00 ден.<br>(вкупен буџет за сите наведени) | -полагање на свежо цвеќе на спомен-обележјата<br><br>-чествување во рамките на програмата на училиштата |

| | | |
|---|---|---|
| ***Вкупен потребен буџет за реализација на предвидените активности со програмата*** | **930.000,00 ден.** | |

***Забелешка:*** - Носител на активностите предвидени со оваа програма е Општина Прилеп-одделение за јавни дејности и Комисија за одбележување на значајни личности, настани и празници и доделување на награди во состав на Советот на Општина Прилеп.

Програмата е составен дел од Буџетот на Општина Прилеп интегрирана во Програма К4:

-421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт

-423 Материјали и ситен инвентар

-425 Договорни услуги

-426 Други тековни расходи

-464 Разни трансфери,

како и во програмите за трансфер кон невладини организации и спортски здруженија, администрација, совет и други.

Број 09-4615/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.12.2022 година на Совет на Општина Прилеп
Прилеп Дејан Продановски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп” 6/2003, 4/2005, 11/2008, 9/2019 и 5/2021) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2023-2028 ГОДИНА**

1. Програмата за спомен обележја на Општина Прилеп за 2023-2028 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08-4617/13
29.12.2022 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Борче Јовчески

Врз основа на чл.17 од Закон за меморијалните споменици и спомен обележјата (“Сл. весник на Р Македонија” бр.66/2004 и бр.89/2008 ), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп (’’Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003, 4/2005, 11/2008, 9/2019 и 5/2021), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.12.2022 година, донесе:

**ПРОГРАМА ЗА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**
**2023-2028 ГОДИНА**

1. **ПОДИГАЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ – СКУЛПТУРА на Мирче Ацев** (20 октомври 1915 – 4 јануари 1943) - македонски национален деец и народен херој на Македонија.

Мирче Ацев (Ореовец, 20 октомври 1915 – Скопје 4 јануари 1943) — македонски комунист, антифашист, учесник во НОВ. Бил член на Покраинскиот комитет на КПЈ на Македонија од 1941 година и член на Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија. Бил прогласен за народен херој на Југославија на 29 јули 1945 година, како еден од првите борци од Македонија кои го добиле тоа одликување (заедно со Стеван Наумов - Стив, Орце Николов, Страшо Пинџур, Христијан Тодоровски - Карпош и Кузман Јосифовски - Питу).
Мирче Ацев е израснат во револуционерно семејство и неговите предци во неколку генерации дале борци за националното ослободување на македонскиот народ.
Се запишал на Правниот факултет во Белград. Уште во почетокот на студиите се вклучил во Организацијата на напредните студенти. Преку оваа организација, раководена од КПЈ, напредните студенти ги зеле во свои раце разните стручни здруженија, одбори и студентската менза. Се спријателил со Кузман Јосифовски - Питу, а од тие денови датира и неговото другарување со Страшо Пинџур.
Член на Комунистичката партија на Југославија станал во 1939 година. Задолжен и за организација и раководење на студентската колонија во Охрид. Во летото 1939 година во градот ја формирал првата партиска организација и првиот местен комитет на КПЈ. Раководител на колонијата во Охрид бил и во наредната 1940 година.
Во почетокот на 1940 година бил испратен на илегална работа во Скопје и сè до 6 април1941 престојувал во градот. Овде ја организирал партиската техника на Покраинскиот комитет и заедно со Страшо Пинџур го подготвувал печатењето на партискиот орган, на весникот „Искра“.
Уште во самиот почеток на бугарската окупација се вклучил во ослободителното движење. Неколку дена по нападот на фашистичка Германија, тој и Страшо заминале за Кавадарци, а потоа Мирче преминал во Прилеп. По кратко време повторно се вратил на работа во Покраинскиот комитет во Скопје. Како партиски инструктор на Покраинскиот комитет ги обиколил партиските организации во повеќе градови на Македонија.
Од крајот на 1941 година до пролетта 1942 Мирче престојувал во Битола. Иако во длабока илегалност, работел со организациите во Ресен и во Охрид.
Во средби со напредни дејци и во писма, Мирче ја критикувал неактивноста на Покраинскиот комитет, што имало влијание врз промената на неговиот состав во пролетта 1942 година. Во јуни истата година тој станал привремен секретар на Покраинскиот комитет.

Заедно со Кузман Јосифовски - Питу се залага за примена на курсот за вооружена борба и пристапува кон формирањето неколку нови партизански одреди во Македонија.
Мирче заедно со Страшо Пинџур во септември 1942 година излегол на терен. Намерата им била да ги посетат партизанските одреди и партиските организации во Велешко и Прилепско. Сосема случајно бил уапсен на 19 декември 1942 во Велес, заедно со Страшо Пинџур.
По долго физичко измачување во Обласната полициска управа во Скопје и без судски процес, по петдневно ѕверско мачење, обајцата биле убиени од бугарската полиција на 4 јануари 1943 година (биле фрлени низ прозорец).

Со својата уметничка и естетска вредност, спомен-обележјето (скулптурата) треба да се вклопи во амбиентот на плоштадот во центарот на градот.

- Услови – Идејниот проект се однесува на скулптура изведена во траен материјал, (бронза), која треба да се вклопи во естетската целина на архитектонскиот простор.
- Самата скулптура треба да биде висока до 2,40 метри, а партерните димензии на постаментот треба да се во согласност со Деталниот урбанистички план за тој локалитет.
- Како извор на финансирање на ова спомен-обележје е буџетот на општина Прилеп, донации, како и други извори.
- Рок на изработка и поставување на ова спомен-обележје е 2025 година.
- Одржување на скулптурата – Општина Прилеп.

## 2. ПОДИГАЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ – СКУЛПТУРА НА ДУЧЕ БАРАБАНЏИЈАТА (АБЕРЏИЈАТА)

Прилепскиот народ го памети првиот гласник Дуче Барабанџијата и неговите познати извици и соопштенија. “Народе, чујте и почујте!”. Не бледнее сеќавањето на уникатниот аберџија од ќошињата, низ пазарот, по училиштата, пред работните акции, слетовите, приредбите, спортските натпревари... Го вртел градот и соопштувал вести за манифестации, за празници, за отворање продавници, фабрики, намалување на цените, вакцинирања, загубено - најдено. Тоа бил Димко Атанасоски - Дуче Барабанџијата. Бил вработен кака општински гласник, небаре подвижно радио. Не бил само телал, туку располагал и со дух за презентација. Додавал, одземал, римувал, ја правел веста привлечна. Првин тропал со барабанчето околу вратот, па со ѕвонлив глас ги кажувал зборовите како нижани. Тажните ги развеселувал. Им бил мелем на душата на неарните и луѓето со гајлиња. Не му требале фермани. Памтел до 60 реченици, а бил неписмен.

Се памети како мајтапчија и интелигентен човек. Умеел и да кажува и курназлаци.

Бил и печалбар во Романија каде го добил прекарот Дуче. Експлозија му ги оштетила видот и слухот. Живеел 81 година. Починал во 1971 година.

Пратеникот Василие Трбиќ сакал да му крени споменик на живот, а општина Прилеп внесувајќи го во својата програма ќе го исполни неговиот аманет за да му се изгради сведоштво во Старата чаршија.

Со својата уметничка и естетска вредност, спомен-обележјето (скулптурата) треба да се вклопи во амбиентот на Старата Чаршија. Услови – Идејниот проект се однесува на скулптура изведена во траен материјал, која треба да се вклопи во естетската целина на архитектонскиот простор.

- Самата скулптура треба да биде висока до 2,00 метри, а партерните димензии на постаментот треба да се во согласност со Деталниот урбанистички план за тој локалитет.
- Како извор на финансирање на ова спомен-обележје е буџетот на општина Прилеп, донации, како и други извори.
- Рок на изработка и поставување на ова спомен-обележје е 2026 година.
- Одржување на скулптурата – општина Прилеп.

## 3. ПОДИГАЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ – 5 БИСТИ НА НАРОДНИ ХЕРОИ ОД ПРИЛЕП

Во состав на спомeничкиот комплекс Паркот на Револуцијата е и „Алејата на Народни херои“, откриена 1961. година. Во неа на мермерни постаменти поставени се бронзени спомен бисти од десетте загинати Народни херои од НОБ од Прилеп.

Кире Гаврилоски-Јане (1918-1944)
Илија Игески-Цветан (1920-1944)
Орде Чопела (1912-1942)
Борка Талески (1921-1942)
Кузман Јосифоски-Питу (1915-1966)
Мирче Ацев (1915-1943)
Борка Велески-Левата (1912-1942)
Рампо Левката (1909-1942)
Лазо Филипоски-Лавски (1918-1942)
Круме Волнароски (1909-1944)

Општина Прилеп во својот план за поставување на спомен-обележја планира Алејата да биде дополнета и со останатите хародни херои од Прилеп и прилепско и тоа:

Атанас Забазноски (Рускио) (1926-2013)

Борко Темелкоски (Лилјакот)(1919-2001)

Вера Ацева (1919-2006)

Ѓоре Дамески (Боксеро) (1922-?)

Крсте Црвенковски (1921-2001)

Со својата уметничка и естетска вредност, спомен-обележјето (бистите) треба да се вклопат во амбиентот на „Алејата на Народни херои".

- Услови – Идејниот проект се однесува на 5 бисти изведени во траен материјал (бронза), кои треба да се вклопат во естетската целина на архитектонскиот простор.
- Самите бисти треба да биде висока до 2,60 метри заедно со постаментот, чии партерни димензии треба да се во согласност со Деталниот урбанистички план за тој локалитет.
- Како извор на финансирање на ова спомен-обележје е буџетот на општина Прилеп, донации, како и други извори.
- Рок на изработка и поставување на ова спомен-обележје е 2027 година.
- Одржување на скулптурата – општина Прилеп.

### 4. ПОДИГАЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ – СКУЛПТУРА ПОСВЕТЕНА НА ЖРТВИТЕ ОД БИТКАТА НА НОЖОТ

Битката на Ножот е најголемата и најкрвавата битка водена од Македонската револуционерна организација во периодот по Илинденското востание. Битката се одиграла на 14 јули 1907 година на врвот Ножот, во близината на селото Ракле, Прилепско, а огласот и фотографиите се разнеле ширум светот.

Вкупниот број на загинатите комити во областа на планината Ножот е 67. Од нив 45 загинуваат на самиот врв, други 10 се убиени во подножјето на планината Асенова глава, 6 лица паѓаат при повлекувањето од врвот, 1 е убиен на Мирчоватата ледина, 4 комити се опколени во една плевна - Двајцата се убиени, а другите двајца (повредени од претходниот ден) се изгорени живи, еден фатен комита е обесен по два дена во Велес.

По заземањето на Ножот Турците се изживуваат врз загинатите комити, но Енвер бег го запира сето тоа и наредува почесен закоп во чест на храбрите борци. Телата на комитите по негова наредба се закопани во близина на врвот од локалните селани. Поради каменестата почва и недостатокот на замја тие се затрупани со камења и долго потоа делови од телата на комитите се разнасувани низ околината од диви животни и кучиња .

Со својата уметничка и естетска вредност, ова спомен-обележје треба да се вклопи во амбиентот кај просторот од поранешниот „Солидност", на кружниот тек што ќе се изгради во скора иднина и истото да претставува симболика на битката.

1. Услови – Идејниот проект се однесува на скулптура изведена во траен материјал, (метал...) која треба да се вклопи во естетска целина со просторот.

2. Самата скулптура треба да биде висока до 15 метри, а партерните димензии на постаментот треба да се во согласност со Деталниот урбанистички план за тој локалитет.

3. Како извор на финансирање на ова спомен-обележје се донациите, буџетот на општина Прилеп, како и други извори.

4. Рок на изработка и поставување на ова спомен-обележје е 2026 година.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Во текот на годините во зависност од потребите , програмата може да претрпи измени и дополнувања.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник" на Општина Прилеп.

| | |
|---|---|
| Број 09-4615/14 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 29.12.2022 година | на Совет на Општина Прилеп |
| Прилеп | Дејан Продановски |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003, 4/2005, 11/2008, 9/2019 и 5/2021) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Програмата за уредување на градежно земјиштето на подрачјето на Општина Прилеп за 2023 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08-4617/14 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 29.12.2022 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Борче Јовчески |

Врз основа на член 95 од Законот за градежно земјиште („Сл. весник на РМ" бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19 ), чл. 36, с.1, т. 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ 5/02) и чл. 26. т.8 од Статутот на општина Прилеп („Сл.гласник на Општина Прилеп" бр.6/03 ,4/05, 11/08, 9/19, 5/21), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 29.12.2022 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2023ГОДИНА**

**Оваа Програма содржи:**

1. Простор кој е предмет на уредувањето;
2. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;

3. Обем и степен на опременост на градежно земјиште со основна и секундарна инфраструктура;
4. Приходи за финансирање на Програмата;
5. Расходен дел на Програмата
6. Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и неговата распределба;
7. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктура;
8. Преодни и завршни одредби.

**1.Простор кој е предмет на уредувањето**

Како простор што се уредува се смета, изградената и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина Прилеп, утврдено со урбанистичките планови дефинирани во член 10, 31, 58, 93, 94, 95, 96, од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.32/2020).

**2.Обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште**

Утврдување на обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште опфаќа:

- Изработка и донесување на урбанистички планови,
- Обезбедување на геодетска подлоги и елаборати
- Изработка на елаборати за експропријација за изградба на објекти од комунална инфраструктура.
- Регулирање на имотно правните односи со сопствениците на имотите
- Програмирање на уредувањето

**3. Обем и степен на опременост на градежно земјиште со објекти од основната и секундарната инфраструктура**

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременоста на земјиштето со објекти и инсталации од комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуална комуналната потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Комуналните приклучоците на објектот до приклучните местана примарната и секундарната мрежа (до границата на градежната парцела), паѓаат на терет на инвеститорот, затоа што истите се составен дел на инсталациите на објектот и останувaат негова сопственост.

Доколку постојат претходно изградени комунални инсталации во склоп на градежната парцела, и е потребно нивно дислоцирање или нивна заштита, трошоците што ќе се направат паѓаат на товар на инвеститорот, односно на корисникот на локацијата.

3.1. Степенот на уреденост на градежното земјиште надвор од градежна парцела, кој може да биде **ОСНОВЕН, ПОВИСОК** и **ПОНИЗОК**, се дефинира како следи:

**ОСНОВЕН СТЕПЕН - Карактеристики на уредувањето:** -Непречени пристапи од улицата до границите на градежната парцела, тротоари, пешачки патеки
- Атмосферска канализација; - Фекална канализација; - Водоводна мрежа ; - Улично осветлување; - Подземна електрична мрежа

**ПОВИСОК СТЕПЕН - Карактеристики на уредувањето** Ги опфаќа објектите од основниот степен, и содржи уште: - Сообраќајни патеки за заштита од пожар, пристапни патишта за возила, паркинг-простори,
-ПТТ (оптичка -телекомуникациска ) мрежа - Пречистителна станица за отпадни води

-Гасоводна мрежа

**ПОНИЗОК СТЕПЕН - Карактеристики на уредувањето**
- Непречен пристап до градежна парцела - Сопствено водоснабдување

- Сопствено прифаќање на отпадни води (пречистителна станица)
- Нестандардно улично осветлување

Пресметката на надоместокот ќе се утврдува согласно констатиран степен на уредување на земјиштето, при увид на предметната локација. Во случај да инвеститорот сам, на свој трошок го уреди градежното земјиште со комунална инфраструктура, притоа не плаќа надоместок, а изградените објекти и инсталации се потврдуваат преку постапката за издавање на одобрение за градење, и конечно се предаваат во владение на општината.

**4. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА - ПРИХОДИ**

Средствата за финансирање на Програмата за уредувањето на градежното земјиште за 2022 година, се во согласност со Буџетот на општина Прилеп за 2022 г.

**РАСХОДЕН ДЕЛ НА ПРОГРАМАТА**

**ЕАО- КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА**

**Изработка на <u>проекти за општествени згради, високоградба и други проекти</u> и <u>ревизии</u>**

- Основен проект за реконструкција за спортска сала „Партизан“.................. 250 000,00ден.
- Основни проекти за потпорни зидови........................................................ 300 000,00ден.
- Основен проект (со Идеен) за Катна Гаража................................................ 250 000,00ден.
- Ревизија на основни проекти ( од наведените проекти) .............................. 200 000,00ден.

**<u>Вкупно ЕА0= 1.000.000,00 ден.</u>**

**GD0 - ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ (Изработка на Проекти за Примарна Гас.Мрежа)**

- Проектна документација за гасификација на град Прилеп(доплата)

**<u>Вкупно GD0 = 1.111.000,00 ден.</u>**

**F10 - УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**

**1. Изработка на <u>урбанистички планови</u> и <u>планско проектна документација:</u>**

- Детални урбанистички планови**:** Четврт12, блок 12.3, Четврт 3, блок 3.1 , четврт 3 Блок 3.12
- Беровци и Големо и Мало Коњари
- Изработка на „Урбанистички план за село“ за селата Тополчани, Ерековци, Мажучиште, Селце, Кадино село, Галичани, Алинци, Ново Лагово, Витолиште, Чепигово, Клепач, Подмол, Загорани, Голем Радобил, Веселчани, Крушевица, Штавица, Тројкрсти, Дабница, Бонче, Волково, Старо Лагово, Беловодица, Плетвар, Шелеверци, Тројаци, Прилепец, Ракле, Манастир и Леништа

**<u>Вкупно F10 = 24. 111.000,00 ден.</u>**

**2. Изработка на <u>Урбанистички проекти за инфраструктура</u> за:**

- Одвод на атмосферски отпадни води на делница од улица ,,Цане Кузманоски,,апр.700м.
- Одвод на атмосферски отпадни води делница по тротоар од ул.„Александар Македонски,, дел кај ул.,,Димо Наредникот,,,300м.
- Транзитен вод за дел од проток на ободен канал во КО Варош - (апр. 1400м)м.
- Делници за атмосферска канализација на поедини улици низ градот - 800,оо м. (согласно потреби на ЈКП ВИК)
- Делници за фекална канализација на поедини улици низ градот- 800,оо м. (согласно потреби на ЈКП ВИК)
- Делови од локален канализациски систем со прочистителни станици во населени места во општината (апр1500м[1])
- УП за Инфраструктура-Кружен тек на вкрстување на Бул.Гоце Делчев и К.Јосифоски (Тинекс)
- УП за Инфраструктура ул.Орде Чопела (Влез во градот од страна на Нови Градски Гробишта)
- УП за Инфраструктура за улица Победа, дел (од Ј.Јорданоски до А.Македонски)

• УП за Инфраструктура за општински патишта Л600195529-дел и Л600195530-дел (обиколница Исток од Сивец до А1)

•УП за водоснабидителни системи во градот и населените места во општината (апр.5000м[1]) (согласно потреби на ЈКП ВИК)

**Вкупно: 1. 200.000, 00 ден.**

**3. Изработка на <u>Ревизии</u> на урбанистички планови и Планско проектна документација (урбанистички проекти)**

- Ревизии за ДУП, УПС, УПВНМ,
- Урбанистички проекти

**Вкупно: 900 000ден.**

**4. Изработка на документација <u>за животната средина - за влијаније врз животната средина и геомеханички испитувања и хидрологија</u>**

- Елаборат за заштита на животна средина
- Елаборат за геомеханички испитувања
- Елаборат за хидролошки студии

**Вкупно: 250 000ден.**

**5. Изработка на <u>ажурирани геодетски подлоги и геодетски елаборати за посебна намена и други геодетски услуги</u>**

**Вкупно: 750 000ден.**

---

**<u>Се вкупно F10 = 27.211.000 ден.</u>**

**J00 - ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА**

Клупи, канделабри, корпи за отпад и друго ....................................................................600 000ден.

Одржување на јавни површини........................................................................................ 1 400 000ден.

**<u>Вкупно J00 = 2 000 000 ден.</u>**

**J30 - ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

1. Потрошена електрична енергија ........................................................................................ 31.000.000 ден.

1.1. Дистрибуција на електрична енергија......................................................................... 5.000.000 ден.

2. Ситен инвентар,алат и др. материјали за одржување ................................................. 5.000.000 ден.

3. Поправки и одржување на опремата ............................................................................. 4.000.000 ден.

4. Субвенција за Енерго Прилеп........................................................................................... 10.000.000 ден.

**<u>Се вкупно J30 55.000.000 ден.</u>**

**J40 - ЈАВНА ЧИСТОТА**

- Одржување на други зелени површини

**<u>Вкупно J40 = 19 200. 000 ден.</u>**

**J50 – ЈАВЕН ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ**

**<u>Вкупно J50 = 5.800.00 ден</u>**

**J60 - ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ОПШТИНСКИ ПАТИШТА И УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ**

1. Зимско одржување ........................................................................................................ 12.000.000 ден.

2. Одржување на други градби ( хоризонтална, вертикална сигнализација и др.)........... 8.000.000 ден.

3. Надзор над одржување на градби (над зимско и х.и в.сигнализација)..............................500.000 ден.

**Се вкупно J60 = 20. 500 000 ден.**

**J7O - ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**

- Субвенции за ЈП Комуналец

**Вкупно J70 = 17. 400.000 ден.**

**J80 - ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

1. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација ...................................................... 2 500 000 ден.
2. Услуги за одводнување – такса кон ,,Прилепско поле,,....................................... 1 500 000ден.
3. Рушење на објекти и дислоцирање на постоечка инфраструктура................... 500.000ден.
